До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Правен факултет „Јустинијан Први“,<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ |
| **Седиште** | Бул. Гоце Делчев 9б, 1000 Скопје Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Сашо Георгиевски, Декан,<br>s.georgievski@pf.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ✓ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | Септември 2024 до Септември 2026 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, број 02-139/10 од 31.01.2025 година |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | НЕ |

Место, датум МП Овластено лице на установата

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста  на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | **Правен факултет „Јустинијан Први“,<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј“** |
| Седиште | Бул. Гоце Делчев 9б, 1000 Скопје Република Северна Македонија |
| Веб страница | https://pf.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | **Визија**: Правниот факултет да ја задржи својата лидерска позиција во високото образование во Република Северна Македонија, како и постојано да ја унапредува својата позиција на меѓународно ниво.<br><br>**Мисија**: Континуирано образование на високостручен кадар способен компетентно да решава проблеми во областа на правото, политичките науки, новинарството и односи со јавноста, и да им излегува во пресрет на предизвиците на новиот милениум преку висококвалитетни програми. Во доменот на научната работа, нашата цел е преку современи и релевантни научни истражувања да се придонесе кон збогатувањето на научната мисла. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: јавна установа. Матичен број: 6462600. Шифра на дејност: 8542 високо образование. |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Студиски програми на прв циклус на студии*<br>https://pf.ukim.edu.mk/akreditaczija-prv-cziklus/<br><br>- Решение за акредитација на студиската програма Правни студии од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-482/6 од 11.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Политички студии од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-484/4 од 25.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Политички студии на англиски јазик од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-4892/6 од 03.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Односи со јавност од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-483/4 од 19.05.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Новинарство од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-487/4 од 19.05.2023 год.<br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии*<br>https://pf.ukim.edu.mk/akreditaczija-vtor-cziklus/ |

| | |
|---|---|
| | - Решение за акредитација на студиската програма Историја на правото (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-716/6 од 26.02.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Применета и компаративна политика (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-485/7 од 30.01.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Административно право и јавна администрација (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-314/6 од 04.12.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Административно право и јавна администрација (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-276/7 од 09.08.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Деловно право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-318/6 од 01.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Деловно право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-315/6 од 19.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Историја на правото (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-319/6 од 05.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Казнено право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-277/6 од 13.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Казнено право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-278/6 од 13.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Корпоративно право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-312/7 од 10.10.2025 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Корпоративно право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-311/7 од 10.10.2025 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-486/6 од 01.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции на англиски јазик (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-1159/4 од 15.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (60 ЕКТС) од Агенцијата |

| | |
|---|---|
| | за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-63/4 од 12.07.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции на англиски јазик (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-538/4 од 14.10.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Медиуми и односи со јавност (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-281/4 од 19.05.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Право на интелектуална сопственост и на информатичка технологија (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-271/6 од 05.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Применета и компаративна политика (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-271/6 од 05.09.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Применета и компаративна политика (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-317/7 од 25.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Римско право и приватно правна традиција (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-270/6 од 19.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Римско право и приватно правна традиција (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-270/6 од 19.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Уставно право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-280/6 од 13.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Уставно право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-275/6 од 13.10.2023 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Финансово право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-473/6 од 12.09.2022 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Финансово право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-474/6 од 12.09.2022 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Граѓанско право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-274/6 од 19.03.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Право на интелектуална сопственост и на информатичка технологија (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-272/8 од 19.03.2024 |

| | |
|---|---|
| | год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународно јавно право, право на ЕУ и дипломатија (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-64/7 од 03.10.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Медиуми и односи со јавност (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-66/7 од 03.10.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Граѓанско право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-279/7 од 13.12.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународно приватно право (60 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-973/4 од 05.03.2025 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународно приватно право (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-126/7 од 13.10.2025 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на ЕУ (120 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-127/7 од 13.10.2025 год.<br><br>*Студиски програми на трет циклус на студии*<br>https://pf.ukim.edu.mk/akreditaczija-tret-cziklus/<br><br>- Решение за акредитација на студиската програма Право на информатичка технологија (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-677/7 од 19.03.2024 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Финансово право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-158/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Уставно право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-159/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Право на интелектуална сопственост (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-152/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Право на Европска Унија и европски интеграции (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-161/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Политички систем (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-160/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Политички науки (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, |

| | |
|---|---|
| | Одбор за акредитација на високото образование, број 08-151/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународни односи (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-154/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Административно право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-157/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Граѓанско право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-153/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Деловно право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-150/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Историја на правото (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-156/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Казнено право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-149/7 од 15.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Правна реторика (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-263/7 од 28.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Римско право (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-264/7 од 28.07.2026 год.<br>- Решение за акредитација на студиската програма Јавна администрација (180 ЕКТС) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-162/7 од 28.07.2026 год. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Број на наставно - научен кадар (август 2026 година): 69, од тоа 61 редовни професори, 6 вонредни професори и 2 доценти. Број на соработници (асистенти): 2. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | - Вкупен број на запишани студенти во 3 уписни рока на прв циклус во учебната 2024/2025: 284 студенти.<br>- Вкупен број на запишани студенти во 2 уписни рока на 2 циклус во учебната 2024/2025: 181 студенти.<br>- Вкупен број на запишани студенти во 2 уписни рока на 3 циклус во учебната 2024/2025: 15 студенти.<br><br>- Вкупен број на запишани студенти на прв циклус во учебна 2025/2026 во зимски семестар: 380 студенти.<br>- Вкупен број на запишани студенти на втор циклус во учебна 2025/2026 во зимски семестар: 162 студенти. |

| | |
|---|---|
| | - Вкупен број на запишани студенти на трет циклус во учебна 2025/2026 во зимски семестар: 15 студенти. |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Правниот факултет „Јустинијан Први“ е најстарата високообразовна установа во Република Северна Македонија од сферата на правните, политолошките и комуниколошките науки. Основан е со Уредба на Владата на НР Македонија од 3 ноември 1951 година како отсек на Правно-економскиот факултет на Универзитетот во Скопје, а од 1 јули 1956 година работи како прва, самостојна високообразовна институција од областа на правните науки. Во 2001 година Правниот факултет, по повод 50-годишнината од своето постоење, со одлука на Наставно-научниот совет беше преименуван во Правен факултет „Јустинијан Први” (Facultas Iuridica Iustinianus Primus). Во 2021 година Правниот факултет ја прослави 70 годишнината од своето постоење.<br><br>Ден на Факултетот е 3 ноември, денот кога со Уредбата донесена од страна на Владата на НР Македонија беше основан Правно-економскиот факултет. На Правниот факултет традиционално се одбележува и 10 декември како меѓународен ден на правата на човекот.<br><br>Од основањето на Факултетот до денеска на правните студии се запишани вкупно 49926 студенти, на дисперзираните правни студии во Штип запишани се вкупно 272 студенти, а на дисперзираните правни студии во Велес запишани се 307 студенти, на студиите по новинарство – 3134 студенти и на политичките студии вкупно 2915 студенти. Од учебната 2013/2014 година на ноформираните додипломски студии по политички науки на англиски јазик се запишани 53 студенти, а на програмата акредитирана 2018/19 година запишани се 116 студенти. На новоформираните студии по односи со јавност од учебната 2013/2014 година се запишани 194 студенти, а на програма акредитирана 2018/19 запишани се 189 студенти. На Правниот факултет „Јустинијан Први“ заклучно со 8 јануари 2026 година успешно ги завршиле последипломските студии и се стекнале со научен степен магистер на науки вкупно 619 кандидати, а со научен степен доктор на науки се стекнале 252 кандидати. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Правниот факултет има најдолга традиција и препознатливост на националниот и регионалниот образовен пазар;<br>- Компетентен и квалитетен наставно-научен кадар;<br>- Кадровска подготвеност за организирање настава на англиски јазик и „прозорци за мобилност“;<br>- Континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставно-научната и истражувачката дејност;<br>- Современи и диверзифицирани студиски програми на трите циклуси компатибилни со програмите на еминентни светски универзитети;<br>- Искуство во реализирани заеднички студиски програми со реномирани универзитети од странство; |

| | |
|---|---|
| | - Водечки просторно-технички и материјални услови за студентите и вработените;<br>- Висок и континуиран раст на склучени меѓународни договори за соработка со образовни и сродни институции од странство; |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во извештајниот период се забележува дека содржината на студиските програми е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес. Студиските програми се дизајнирани во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, кои може да влијаат и врз нивниот личен и професионален развој.<br><br>Во поглед на научната продуктивност, во извештајниот период (септември 2024 – септември 2026) кадарот остварил значителен научно-истражувачки опус: 16 трудови со импакт-фактор, 49 трудови без импакт-фактор, 29 трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор, 11 трудови во ЕУ/ОЕЦД списанија, 44 книги или делови од книги и 37 трудови презентирани на меѓународни академски собири. Изборните и реизборните постапки се спроведуваат целосно транспарентно и во согласност со Законот за високо образование, Статутот на УКИМ и единствените критериуми за избор во звања, при што сите рецензентски извештаи и одлуки за избор се јавно достапни онлајн. Факултетот располага со солидна материјално-техничка база — над 10.266 m² нето простор, 15 амфитеатри, 66 кабинети и современа опрема, вклучувајќи видеопроектори, 87 компјутери-терминали наменети за полагање испити и видеоконференциски уред. Професионалниот развој на кадарот е систематски регулиран преку посебна одлука која предвидува финансиска поддршка за научно и стручно усовршување, при што ова право и обврска важи и за наставниот и за административниот персонал. Меѓународната димензија на наставата е присутна преку ангажман на визитинг-професори, договори со странски универзитети кои вклучуваат опции за Erasmus размена, како и учество на странски експерти во комисии за магистерски и докторски трудови.<br><br>Во извештајниот период е воспоставен и функционално развиен Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни), со именувани советници и континуирани активности за кариерен развој, практикантска работа и поврзување на студентите со релевантни институции и работодавачи.<br><br>Исто така, забележано е подобрување во редовното прибирање, анализирање и користење на податоци и инфомации од важност за успешно спроведување на студиските програми преку системот iKnow. Воспоставен е пробен процес за воведување на електронска евиденција на редовност на наставата на студентите, зголемена е регистрацијата на наставниот кадар на платформите за поголема видливост и препознатливост на Факултетот, т.е. Универзитетот и е воведена евиденција на значајни настани, активности и процеси кои се организираат на Факултетот. Видливоста и присуството на Факултетот на социјалните мрежи е зголемена. |

| | |
|---|---|
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Неповолни демографски трендови во земјата, неповолни миграциски движења, особено нагласени кај младите луѓе, како и зголемената и делумно нелојална конкуренција влијаат неповолно врз Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br><br>Како главни предизвици се забележуваат недоволната и нерамномерна оптовареност со настава на наставно-научниот кадар, недоволната искористеност на постојните меѓународни договори за соработка за конкретни активности, како и отсуство на атрактивни програми за професионално и доживотно образование наменети за обуки и тренинзи на вработени.<br><br>Исто така, и покрај развиената мрежа на меѓународни договори, програми и академски партнерства, бројот на странски студенти останува релативно мал и варира по учебни години, што укажува на потреба од посистематски мерки за нивно привлекување.<br><br>Се забележува недоволно утврдена и развиена евиденција за статистика на успех на студентите и процесот на студирање (клучни показатели на успех, напредокот на студентите, причина и стапка на отпишување на студентите), како и неразвиена дигитална платформа за менаџирање со поднесување на извештаи за остварени годишни активност и за реализирана настава во летен и зимски семестар од наставниот кадар. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| Правниот факултет постапува согласно Стратегијата за обезбедување на квалитет и Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.<br>Правниот факултет континуирано во последните децении превзема активности за обезбедување на квалитет, кои што вкулучуваат различен спектар на активности преку дизајнирање на наставни програми кои ги следат трендовите на водечките правни факултети во светот, па се до подобрување на научната дејност на наставниот кадар.<br>Исто така, формирано е и посебно тело, Совет за квалитет согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, посветено на обезбедување највисок квалитет во областа на високото образование. | |
| **Прилози**<br><br>1.1.А. Правилник за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“<br>1.1.В. Стратегија за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ | |

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

На Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студентите редовно се вклучени во оценување на квалитетот на наставнообразовниот процес.
Прибирањето на податоците се спроведува преку прашалник кој е во стандардизирана форма и се дистрибуира до испитаниците, односно студентите во двата семестри на учебната година. Анкетата се спроведува на случаен примерок на студенти кои се пристутни на предавањата.
Во анкетата се опфатени наставниците кои изведуваат настава во набљудуваниот семестар (според распоредот на предметите по семестри за поделните учебни години).
Анкетата го утврдува мислењето на студентите за неколку аспекти: подготвеност за предавања и вежби; квалитет на настава; редовност на настава и рационално искористување на време; достапност за консултации; однос кон студент; како и обезбеденост на соодветен материјал за учење.
Во прилозите се дадени прашалникот од спроведените студентски анкети за евалуација на квалитетот на наставата, како и деталните резултати на спроведени студентски анкети во учебната 2024/25 година и 2025/26 година.
Резултатите покажуваат дека студентите високо го вреднуваат квалитетот на наставата, како и односот на наставниот кадар.

**Прилози**

1.2.А Прашалник од студентска анкета со резултати од студентска анкета за зимски семестар 2024/2025 година; летен семестар 2024/2025 година; анкета зимски семестар 2025/2026 година; летен семестар 2025/2026 година.

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Управата на установата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми, следејќи ги процесите на водечките светски институции од областа, како и потребите на македонската економија. Сите студиски програми на факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот ги определува заканите, можностите, слабостите и предностите и дава препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот период, а управата на факултетот ревносно работи на нивна реализација.
Вклучување на релевантни стејкхолдери при креирање на студиски програми
Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Како примери на поважни институционални форми со кои се обезбедува нивна вклученост можат да се наведат следните две:
- студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети;
- функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми, кој што има за цел да дава мислења за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

| | |
|---|---|
| имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | |
| Во рамките на установата од учебната 2023-2024 година функционира Совет за квалитет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. | |
| **Прилози**<br><br>1.4.А. Решение за именување на членови на Советот за квалитет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Основна цел на процесот на самоевалуација на Правниот факултет е да го процени квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес на првиот, вториот и третиот циклус студии и врз основа на анализа и критична проценка на клучните елементи (студиски програми, наставно-научен и соработнички кадар, наставно-образовна дејност, научноистражувачка работа, студенти, просторни и материјални ресурси, логистика, надворешна соработка и финансирање) како и со помош на анализата на заканите, можностите, слабостите и предностите да се разоткријат силните и слабите страни на процесите со цел да се предложат мерки за нивно подобрување, релативизирање или целосно отстранување.<br>Извештаите за самоевалуација на Правниот факултет се објавени на веб-страната на факултетот. | |
| **Прилози**<br><br>1.5.А Извештаи за самоевалуација на Правниот факултет во периодот од 2017 до 2024 година. | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Досега не е спроведена надворешна евалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. | |
| **Прилози** | |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила | Акт во кој е регулирано прашањето; |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | |

**Упатствата, актите и правилата со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија.**

Основна дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е наставно-образовната дејност. Тоа е експлицитно содржано во сите документи (визија, мисија, стратегиски план, акт за основање и др.) кои даваат основа за правците на делување и развој на Правниот факултет. Следствено, креирањето, одобрувањето и следењето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на основниот процес - образование на студентите на сите студиски програми, подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд.

**Сите студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет цикус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија.**

Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.
Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и.
Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за квалитет на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.
Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.

**Прилози**

2.1.А. Закон за високото образование
2.1.B. Правилник за задолжителни компоненти на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии
2.1.C. Упатство за пополнување на Елаборат за акредитација на прв циклус студии
2.1.D. Упатство за пополнување на Елаборат за акредитација на втор циклус студии
2.1.E. Упатство за пополнување на Елаборат за акредитација на трет циклус студии
2.1.F. Образец Елаборат за акредитација на прв циклус студии
2.1.G. Образец Елаборат за акредитација на втор циклус студии
2.1.H. Образец Елаборат за акредитација на трет циклус студии

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

| во развојот на нивните идни професии. | |
|---|---|

**Акредитирани меѓународно компатибилни студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии**.
Содржината на студиските програми е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес. Студиските програми се дизајнирани во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, кои може да влијаат и врз нивниот личен и професионален развој.

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус-додипломски студии во траење од три години, втор циклус-мастер студии (една или две години) и трет циклус студии-докторски студии и тоа на следните студиски програми:

Прв циклус на студии
Во рамки на првиот циклус студии Правниот факултет „Јустинијан Први" има 5 студиски програми и тоа: Правни студии, Политички студии, Политички студии на англиски јазик, Односи со јавност, Студии по новинарство.
Последното реформирање кај сите програми е спроведено во академската 2023/2024 година (Елаборатите се во прилог).

Втор циклус на студии
Во рамки на вториот циклус студии Правниот факултет „Јустинијан Први" има 18 двогодишни и 18 едногодишни мастер студиски програми. Програмите се реформираат и реакредитираат соодветно во предвидените рокови (Елаборатите се во прилог).

Трет циклус на студии
Во текот на учебната 2021/2022 година, се акредитираа 16 студиски програми на трет циклус студии за следниве студиски програми, и тоа: Административно право; Јавна администрација; Политички систем; Право на интелектуална сопственост; Политички науки; Финансово право; Граѓанско право; Деловно право; Историја на право; Казнено право; Меѓународни односи; Право на ЕУ и европски интеграции; Римско право; Уставно право; Меѓународно јавно право и меѓународно приватно право; Правна реторика и аргументација; а во учебната 2024/2025 година е акредитирана програмата Право на информатичка технологија. (Елаборатите се во прилог). Во тек е постапката за реакредитација на програмите кои беа акредитирани во учебната 2021/2022 година.

**Содржината на сите студиски програми** на сите три циклуси кои се изведуваат на Правниот факултет е соодветно дизајнирана и опишана и е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето, изразено преку неколку аспекти кои се детално образложени и запазени во Елаборатите на студиските програми (Прилог 2.2), а кои се однесуваат поконкретно на: Цел и оправданост за воведување на студиската програма; Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за даденото кадровско профилирање; Општи дескриптори на квалификации на секоја студиска порграма согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации; Усогласеностност на структурата и содржината на циклусот на студиите со општите и специфичните дескриптори; Усогласеност на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма; Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентото по завршување на студиите. Секоја студиска програма има јасно дефинирани **дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации.**

**Содржината на студиските програми на сите три циклуси се изработени во насока на непречен развој** на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академски знаења и вештини кои се од исклучително значење за нивниот понатамошен професионален развој. **Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование.** Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредититрани на прв, втор и трет циклус кои се изведуваат се достапни во елаборатите во Прилог 2.2.

Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени **целите на предметната програма односно компетенциите** со кои студентот се стекнува по завршување на соодвтената програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Овие елементи се содржани и детално образложени во Елаборатите на студиските порграми (Прилог 2.2).

**Прилози**

2.2.А. Елаборати - студиски програми
2.2.В. Решенија за акредитација

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.

Во согласност со член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) на Правниот факултет е основан Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата. Сите студиски програми на прв циклус на студии, сите студиски програми на втор циклус на студии и сите студиски програми на трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста (прилог 2.2. Елаборати).

Сите студиски програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се дизајнирани следејќи ги потребите на општеството и економијата, како и најновите трендови на правните факултети и факултетите за политички науки во светот, на тој начин подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на македонскиот правен систем, да се вклучат во работата на судовите, обвиителствата, приватниот и невладиниот сектор, меѓународните организации и да предводат развојни проекти во општетсвото.

**Прилози**

2.3. Закон за високото образование

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми се изработуваат и се ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси.

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Правниот факултет се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и сл.) со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од

областа на економијата и бизнисот. Оваа соработка во најголема мера се остварува преку учеството на студентите во работата на Насавно-научниот совет на Правиот факултет, каде што имаат можност да дадат мислење и забелешки за програмите кои се акредитираат и реакредитираат и се усвојуваат од Наставно-научниот совет. Исто така, Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми е место каде што се даваат мислења и забелешки за програмите кои се акредитираат и реакредитираат на факултетот.

Факултетот поттикнува култура на континуирано подобрување на редовната комуникација со студентите и нивно вклучување во тековните напори за подобрување на квалитетот на студиските програми, предметните програми, наставата и учењето. Оваа практика се спроведува во соработка со студентите преку претставниците на студентите во телата на Факултетот, ФСС, Алумни заедницата на Факултетот, и секој заинтересиран студент кој сака да размени и сподели идеи во насока на подобрување и унапредување на студиските и предметните порграми

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

При изработка на студиските програми конитнуирано се води сметка за нивно усогласување со најдобрите практики и светски искуства со цел да се задоволат потребите на пазарот и општествените потреби. Кај сите студиски програми е присутен напор за постојано иновирање и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми присутни на реномираните странски универзитети.

При изработката на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии особено се водеше сметка да се постигне меѓународна препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми.

При дизајнирање на студиските програми особено се води сметка за усогласување со програмите на повеќе универзити рангирани на Шангајската листа на универзитети, како и за Европската димензија преку усогласување на програмите со повеќе универзитети во Европа. Оваа димензија е запазена во сите студиски програми и е образложена во Точка 17 од Елаборатот за студиските програми „Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции“ (Прилог 2.2. Елаборати).

На пример, при структурирањето на студиската програма на прв циклус студии Правни студии консултирани се студиските програми од областа право на повеќе реномирани странски универзитети од регионот и од Европа. На ваков начин им се овозможува на студентите користење на програмата ЕРАЗМУС+, преку која можат да освојат 30 кредити на партнерските странски универзитети. Студиската програма на прввиот циклус правни студии е компатибилна најмалку 80% со студиските програма на партнерските странски универзитети како што се на пример правните факултети во Мунстер, Сплит, Порто, Љубљана, Загреб, Истанбул и други, за што доказ се склучените Еразмус+ Договори (Прилог 2.2. Елаборат за повторна акредитација на студиската програма Правни студии – прв циклус, стр.57-58).

Додадената вредност од вмрежување и вклучување надворешна експертиза и референци во студиските програми во форма на надворешни странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми е препознаена и инкорпорирана во текот на студиите. Според податоците за одржани предавања од страна на гостин предавач во периодот од 01.03.2025 до 28.02.2026 одржани се 37 настани кои вклучуваат посета на амбасадори, трибини и обуки, гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите, вклучително и повеќе предавања на странски и домашни предавачи. Во истиот период на Правниот факултет предавања имале следните амбасадори: Амбасадорот на Република Полска во Северна Македонија н.е. Мариуш Бримора на 9.10.2025 ја отвори програмата за Холокаустот; Амбасадор на Казахстан НЕ Сатибалди Буршаков беше во посета и одржа предавање пред студентите; Амбасадорката на

Јапонија НЕ Кавахара Сетсуко и постојаниот претставник на УНДП во РСМ Армен Григориан беа во посета и имаа излагања во рамките на отварањето на клиника на УНДП, во соработка со Центарот за климатска акција и одржлив развој на Факултетот; Амбасадорката на САД, НЕ Анџела Агелер одржа предавање на студентите; Амбасадорката на Шведска НЕ Ами Ларсон Јаин одржа предавање пред студентите.

Сите предметни програми на Правниот факултет содржат листа на поширока дополнителна литература која што е сочинета е најеминентните учебници во предметните области кои што се прифатени како универзитетски учебници на најпрестижните универзитети во Европа и САД.

**Прилози**

2.5 Годишни извештаи за работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

На Правниот факултет „Јустинијан Први“, системот на студирање на факултет е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), и напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. На овој начин оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за секој циклус и овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студирањето. Студирањето според ЕКТС се заснова врз нумеричко, т.е. квантитативно мерење и изразување на степенот на оптовареноста на студентите по одделни предметни програми во текот на семестарот, т.е. на учебната година, како и вкупниот обем на активностите потребни за успешно завршување на студиската програма. Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира цела една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студент на прв циклус студии е димензионирано на 180 ЕКТС распоредени во три студиски години по 60 кредити, понатаму, на втор циклус студии 60 односно 120 ЕКТС (едногодишни односно двегодишни студии респективно) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС.

Во однос на надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата) и покрај измените во Законот за високо образование согласно кои практичната настава од академската 2019/2020 година не се смета за задолжителна, Центарот за кариера при Правниот факултет на барање на студентите посредува во процесот на изведување практична настава на студентите, со што продолжува континуирано да ги поддржува студентите во однос на изнаоѓање и реализирање практична настава надвор од установата. Студентите добиваат можност да остварат практична настава која се реализира преку повици од институциите или со директно барање од Центарот за кариера до сите субјекти со кои Правниот факултет има склучени меморандуми за соработка.

Во академската 2025/2026 година, во организација на Центарот на кариера, студентите имаа можност да учествуваат на Отворените денови на Правниот факултет кои се одржуваат во рамките на Отворените денови на УКИМ; како и да учествуваат во рамки на Кариерните денови, чија организација и начин на претставување се

| | |
|---|---|
| определени од Центарот за кариера на УКИМ за сите единици. Подетално активностите на Центарот за кариера се прикажани во рамки на стандардот 6. | |
| **Прилози**<br><br>2.6. Центар за кариера. | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |
| Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на сајтот на Факултетот и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата (македонски и/или англиски). | |
| **Прилози**<br><br>2.7.А Правни студии<br>2.7.В Политички студии<br>2.7.С Политички студии англиски јазик<br>2.7.D Студии по новинарство<br>2.7.Е Односи со јавност<br>2.7.F Трет циклус студии | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Правниот факултет континуирано ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми со цел истите да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Факултетот, и достапни за сите заинтересирани страни.<br><br>Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.<br><br>Во учебната 2025/2026 година акредитирани се следните студиски програми од втор циклус студии:<br>1) Меѓународно приватно право (едногодишни студии) – *акредитација;*<br>2) Меѓународно приватно право (двегодишни студии) – *акредитација;*<br>3) Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европска Унија (двегодишни студии) – *акредитација;*<br>4) Корпоративно право (едногодишни студии) – *акредитација;*<br>5) Корпоративно право (двегодишни студии) – *повторна акредитација.* | |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

Во тек е постапка за повторна акредитација на студиски програми на трет циклус студии и тоа:

1) Административно право – *повторна акредитација;*
2) Граѓанско право – *повторна акредитација;*
3) Деловно право – *повторна акредитација;*
4) Историја на право – *повторна акредитација;*
5) Јавна администрација – *повторна акредитација;*
6) Казнено право – *повторна акредитација;*
7) Меѓународно јавно право и меѓународно приватно право – *повторна акредитација;*
8) Меѓународни односи – *повторна акредитација;*
9) Право на интелектуална сопственост – *повторна акредитација;*
10) Право на ЕУ и европски интеграции – *повторна акредитација;*
11) Политички систем – *повторна акредитација;*
12) Политички науки – *повторна акредитација;*
13) Правна реторика и аргументација – *повторна акредитација;*
14) Римско право – *повторна акредитација;*
15) Уставно право – *повторна акредитација;*
16) Финансово право – *повторна акредитација;*

Во извештајниот период односно учебната 2025/26 година наставно – образовниот процес се реализира редовно според однапред утврден и дефиниран распоред на дистрибуција на часови објавен на веб страната на Факултетот. Реализацијата на наставно – образованиот процес успешно се спроведува. Изведувањето на наставата е предмет и на евалуација која се спроведува преку анкета со редовните студенти во секој семестар. Резултатите од анкетата редовно се комуницираат со секој професор поединечно со цел секој да може да се унапреди. Резултатите од сите спроведени анкети на Факултетот се дадени во Прилог 1.2.

**Прилози**

2.8. Акредитација на студиските програми

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

**Робусен систем за прибирање и анализа на квантитативни податоци (**iKnow системот). iKnow е систем кој е развиен и кој е одржуван од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисни.

На Правниот факултет се прибираат статистички податоци, редовно се следат и системски се анализираат, а потоа служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоци. Во поглед на студиските програми, Факултетот го следи бројот на студенти (новозапишани, испишани, дипломирани), просечни оцени, број и причини за испишување на студентите те. напуштање на студиите итн. преку iKnow системот.

Во продолжение следи приказ на некои од основните податоци за учебната 2025/2026 година:

Прв циклус на студии

*Вкупно запишани студенти на Факултетот во учебната 2025/2026 година*

| Студии | 2025/2026 Вкупно запишани | 2024/2025 Вкупно запишани | 2023/2024 Вкупно запишани | 2022/2023 Вкупно запишани |
|---|---|---|---|---|
| Новинарство | 11 | 6 | 8 | 16 |
| Односи со јавноста | 38 | 17 | 10 | 18 |
| Политички студии | 15 | 12 | 10 | 14 |
| Правни студии | 307 | 237 | 226 | 228 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Политички студии на англиски јазик | 9 | 12 | 7 | 4 |
| Вкупно | **380** | **284** | **261** | **281** |
| | | | | |

Втор циклус на студии

*Прв уписен рок*

| **Студиска програма** | **Прв уписен рок 2024/2025** | **Прв уписен рок 2023/2024** | **Прв уписен рок 2022/2023** | **Прв уп ро 2025/2** |
|---|---|---|---|---|
| **Финансово право** | 1 | 12 | 12 | 10 |
| **Административно право и јавна администрација** | 1 | 3 | 10 | 6 |
| **Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ** | 10 | 8 | 16 | / |
| **Казнено право** | 26 | 25 | 21 | 28 |
| **Деловно право** | 39 | 35 | 25 | 26 |
| **Граѓанско право** | 10 | 15 | 17 | 10 |
| **Медиуми и односи со јавност** | 3 | 4 | 9 | 7 |
| **Право на интелектуална сопственост и право на информатичка технологија** | 5 | 4 | 0 | 1 |
| **Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (на македонски јазик)** | 7 | 7 | 7 | 7 |
| **Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (на англиски јазик)** | 0 | 4 | 3 | 2 |
| **Применета и компаративна политика (на македонски јазик)** | 1 | 2 | 2 | 1 |
| **Применета и компаративна политика (на англиски јазик)** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Римско право и приватноправна традиција** | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **Уставно право** | 1 | 3 | 4 | 5 |
| **Корпоративно право** | 1 | 6 | 1 | 1 |
| **Меѓународно јавно право, право на ЕУ и дипломатија** | / | / | / | 3 |
| **Меѓународно приватно право** | / | / | / | 1 |
| **Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на ЕУ** | / | / | / | 2 |
| Вкупно | **107** | **129** | **130** | **111** |

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2024/2025 година, се пријавиле и се запишале вкупно 56 студенти и тоа: <u>**Правни студии**</u> – студиски програми: **Административно право и јавна администрација** - 3 (од кои 0 кандидат на едногодишните студии и 3 кандидати на двегодишните студии), **Граѓанско право** - 3 кандидати (од кои 0 кандидат на едногодишните студии и 3 кандидати на двегодишните студии), **Деловно право** - 17 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 16 на двегодишните студии), **Казнено право** - 18 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 17 на двегодишните студии), **Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ** - 1 кандидат (двегодишни студии), **Уставно право** - 2 кандидати (од кои 2 кандидат на едногодишните студии и 0 двегодишните студии), **Финансово право** - 2 кандидати (од кои 0 кандидат на едногодишните студии и 2 кандидати на двегодишните студии) и на **Право на интелектуална сопственост и право на информатичка технологија** - 6 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 5 на двегодишните студии), **Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија на македонски јазик** - 1 кандидат (од кои 0 на едногодишните студии и 1 на двегодишните студии), **Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија на англиски јазик** - 0 кандидати и на **Применета и компаративна политика (македонски јазик)** – 2 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 1 двегодишни студии); **Медиуми**

**и односи со јавност** – 1 кандидат (од кои 0 кандидати на едногодишните студии и 1 двегодишни студии).

Трет циклус на студии

Во првиот и вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 12 (дванаесет) студенти на студиските програми од полето право, 3 (тројца) студенти на студиските програми од полето политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма од потполе јавна администрација.

Во прилогот 2.9.В. даден е детален приказ на статистичките податоци за извештајниот период.

**Прилози**

2.9.А. Годишни извештаи за работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“.
2.9.В. Стандард 2 – табеларен приказ

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

**Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во статутот на Правниот факултет**
Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Правниот факултет, се обезбедени преку повеќе акти и документи кои доследно се спроведуваат во практика.
Во Статутот на факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на засегнатите страни во доменот на изведувањето на наставата. Посебно се посочени надлежностите на Катедрите (за секој од посебните Институти), кои според статутот, во рамките на својата дејност, меѓу другото: остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; соработуваат при приготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научно-истражувачката и применувачката работа; развиваат научни дисциплини врз кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарно поврзани области; се грижат за пренесување на научно-истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии; развиваат современи педагошки методи; се грижат за стручното и научното усовршување на наставниците и соработниците; и предлагаат мерки за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката работа.

**Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии**
Дополнително, во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (Член 23) јасно се наведени начините и механизмите на оценување, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, теренска настава, семинарска задача, домашна работа, есеи, истражување на литература, курсеви, проектна работа и многу други активности предвидени во предметната програма.

**Механизам 3 – Директно информирање на студентите за правилата и стандардите низ Водичот за студии**
Водичот за студирање, кој Правниот факултет го објавува на својата веб страна, а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма, јасно и детално ги посочува и елаборира правилата и стандардите со кои се утврдува квалитетот на наставата, како и начините за учество на студентите во процесот на учење и наставата.

Во овој контекст, секој од овие механизми одговара на природата на дисциплината на одделните научни дисциплини. Овие механизми вклучуваат практични задачи, проекти, домашни задачи, истражувачки есеи, подготовка на литература, изведување на презентации, и други активности.

**Прилози**

3.1.А. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје
3.1.В. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии
3.1.С. Водич за студирање

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член 25 и членовите 26-31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата: предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и слично. Се остава флексибилност за вклучување (лице в лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високообразовни институции во наставата на факултетот.
Сите овие можности се целосно искористени од Правниот факултет, при што секоја студиска програма ги применува според нејзините специфики.
Дополнително, во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 23) јасно се наведени начините и механизмите на оценување, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, теренска настава, семинарска задача, домашна работа, есеи, истражување на литература, курсеви, проектна работа и многу други активности предвидени во предметната програма.
Деталните начини и пристапи на флексибилност во учењето и наставата согласно потребите на студентите се презентирани во Водичот за студирање кој Правниот факултет го објавува на својата веб страна, а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма поединечно. Во овие документи јасно и детално се елаборирани пристапите во наставата за секоја студиска програма, и научна дисциплина поединечно.

Сите овие елементи заедно создаваат сеопфатен и разновиден систем на учење и оценување кој е прилагоден на индивидуалните потреби на секоја студиска програма, со цел да им овозможи на студентите да го стекнат потребното знаење и вештини кои се неопходни за нивниот професионален развој.

**Прилози**

3.2.А. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје
3.2.В. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии
3.2.С. Водич за студирање
3.2.D. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; |

| | |
|---|---|
| ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Посебно е важно да се напомене дека за секоја студиска програма, компетенциите, вештините и квалификациите кои ќе ги обезбедува - јавно и транспарентно се објавени на веб страната во делот каде што се содржат информациите поврзани со сите студии на прв, втор и трет циклус студии.

За секоја посебна студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди студиската програма, како и начините на кои се остваруваат, со посебен фокус на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот. Во елаборатите за студиските програми може да се видат сите предвидени посебни начини на фокусираност на наставата, како и интерактивното учење и учењето ориентирано кон студентот.

Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член 25 и членовите 26-31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата: предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и слично. Посебен фокус се става на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите, при што студиите на случај се користат во изведувањето на наставата.

Правниот факултет „Јустинијан Први" континуирано ја следи имплементацијата на студиските програми и соодветно ги адаптира на новите академски и професионални текови со секоја следна (ре)акредитација. На пример, од учебната 2023-2024 год. студиските програми на прв и втор циклус по Политички науки, Новинарство и Односи со јавност се спроведуваат врз основа на сосема нови студиски програми кои ги адресираат детектираните слабости во наставата во минатото. Оттука, новите студиски програми посветуваат посебно внимание на усовршување на научно-истражувачки и практични вештини кај студентите. Во овој контекст, се воведени неколку предметни програми од областа на академско пишување, истражувачки методи и критичко размислување кои имаат за цел да ја адаптираат наставата кон интерактивен пристап и индивидуален развој на аналитичките способности на студентите. На студиите по Новинарство и Односи со јавност се воведени практични предмети кои предвидуваат изготвување на конкретни проектни аудио-визуелни продукти од страна на студентите кои ги изготвуваат во текот на целиот семестар.
Од друга страна, наставата во повеќето центри за правна клиничка едукација е интегрирана со наставните програми на правните студии со што се валоризира индивидуалниот труд на студентот.
Определен дел од предметите на сите студиски програми поттикнуваат научно-истражувачка работа која во најголема мера е базирана на студии на случај како истражувачки формат. Голем дел од предметните програми дел од наставата и оценувањето на студентскиот ангажман го засноваат на проектни задачи на кои студентите континуирано работат во текот на семестарот.

**Прилози**

3.3.А. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје
3.3.В. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии
3.3.С. Водич за студирање
3.3.D. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
3.3.Е. Елаборати - студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

| | |
|---|---|
| развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | |

Постои детална регулатива во рамките на која се достапни информации, детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користа за секоја студиска програма. Професорите и наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, и имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.

Во секоја студиска програма транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати и се достапни на веб страната на факултетот.

Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член 40 до член 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 23) јасно се наведени начините и механизмите на оценување, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, теренска настава, семинарска задача, домашна работа, есеи, истражување на литература, курсеви, проектна работа и многу други активности предвидени во предметната програма, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засегнатите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Правниот факултет и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики исто е дефинирано и утврдено.

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно.

Дополнително, на почетокот на настават за секоја наставна дисциплина (предмет) одговорниот наставник детално ги запознава студентите со Годишната програма за работа за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература, начинот на изведување на наставата претставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

**Прилози**

3.4.А. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје
3.4.В. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии
3.4.С. Водич за студирање
3.4.D. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
3.4.Е. Елаборати - студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите и методите на вреднување и оценување се наведени во наставната програма (силабус) за секој поединечен предмет која им се споделува на студентите на првиот час од предавањата. Истите се достапни и на веб страната на факултетот. Истовремено, општи информации околу критериумите на оценување и процесот на полагање на испити се достапни и во Водичот за студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" кој е објавен на веб страната на факултетот.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.5. Водич за студирање | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Начинот на оценување на Правниот факултет е прилагоден на целите на предметите. За секоја студиска програма- јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати.

Кога станува збор за предмети кои имаат композитен систем на оценување, студентите добиваат константни повратни информации од професорите во процесот на изработката на индивидуалните и проектните задачи. Секој професор на Правниот факултет има неделни термини за консултации со студентите на кои се споделуваат и информации околу оценувањето на студентите.

Студентите се известуваат за нивните оцени/резултати во период од неколку денови по завршување на испитот, добиените оцени/резултати се достапни на огласна табла (или електронската огласна табла по што следува задолжителниот увид во тестот (кој може да го побараат и на кој можат да присуствуваат сите студенти) и кој следува неколку дена по објавување на резултатите. На увидот или на договорени консултации студентите може да добија конкретни информации за остварените резултати и насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја.
Оценките исто така се објавуваат во електронскиот систем на факултетот (iKnow), а истотака во делот на споделување на информации и учење е и универзитетската платформа iLearn (Упатства - iLearn - Студенти )

Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето преку деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) кои се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во оценување на студентите - и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет. Тука може да се видат и тимовите за секој од предметите - што укажува дека е обезбедено секоја од предметните дисциплини да има можност за повеќе испитувачи, што дополнително придонесува кон унапредување на процесите на оценување/вреднување на студентите.

Голем дел од предметите на сите студиски програми на факултетот вклучуваат и вреднување на индивидуални ангажмани на студентите насочени кон развивање на истражувачки, аналитички и професионални компетенции и вештини. За ова се користат иновативни методи кои вклучуваат користење на технолошки средства во собирањето и анализирањето податоци, подготовка и учество во структурирани дебати и симулации, како и подготовка на индивидуални и групни истражувачки трудови и презентации. Студентите по новинарство ќе бидат оценувани и преку нивниот ангажман во студиска работа и продукција на аудио-визуелни репортажи.

**Прилози**

3.6.A. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии
3.6.C. Водич за студирање
3.6.D. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
3.6.D. Елаборати - студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Системот и процедурите за поднесување на жалби, како и пријави за корупција ги следи строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Законот за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18, 257/20); Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; а посебно во деталните Процедури за заштитено внатрешно пријавување на Правниот факултет од 2018 година, кои се транспарентно објавени на веб страната на Факултетот. Согласно овие Процедури за заштитено внатрешно пријавување на Правниот факултет, е пропишана целата процедура/постапка за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување и заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци.

Согласно Процедурите за заштитено внатрешно пријавување на Правниот факултет, раководното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (Член 17).

Според Процедурите за заштитено внатрешно пријавување, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заштитеното внатрешно пријавување се врши до раководното лице, односно до Деканот на Правниот факултет (Член 5).

Во системот на Правниот факултет согласно позитивните законски прописи во периодот од септември 2024 до септември 2026 нема поднесени пријави.

Во согласност со Статутот на факултетот, на факултетот функционира и заменик-студентски правобранител кој се бира од редот на студентите на Факултетот, кој постапува по поднесок од страна на студентите и по сопствена иницијатива доколку е проценето дека е прекршено правото на студентот од страна на органите на Факултетот или други членови на академската заедница на Факултетот.

Во секое решение издадено од Деканот на Правниот факултет има правна поука за жалба/приговор на истото согласно ЗОУП, а надлежноста е на Деканатската управа да одлучува по жалби/приговори од студенти против решение на Деканот (согласно Статутот на Факултетот).

Во последните 2 години, од 2024 година до август 2026 година, поднесена е 1 жалба од студент против решение на Деканот, која е одбиена.

**Прилози**

3.7.А. Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18, 257/20)
3.7.В. Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор
3.7.С. Процедури за заштитено внатрешно пријавување на Правниот факултет „Јустинијан Први“
3.7.D. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |

| | |
|---|---|
| студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | |

Студирањето во сите свои фази и аспекти, поточно запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите се уредени со Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Правилник за дополнување на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; како и со Одлуката за правилата на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје.

**Прилози**

4.1.А Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.1.В Правилник за дополнување на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.1.С Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.1.D Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
4.1.Е Одлука за правилата на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први"

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

IKNOW платформата на УКИМ овозможува агрегирање на потребните податоци за следење на напредокот на секој студент одделно, како и успехот на целата генерација на запишани студенти, како по година на запишување така и по одделен предмет и со тоа овозможува преглед на успехот и напредокот на студентите.

**Прилози**

IKNOW досие Правен факултет

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење се води согласно постоечките правила на универзитетот и факултетот, поточно согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуката за правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во

| | |
|---|---|
| Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје во насока на исполнување на обврските од единствениот кредит-трансфер систем и политиката за мобилност. | |
| **Прилози**<br><br>4.3.А Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје<br>4.3.B Одлука за правилата на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први“<br>4.3.C Листа на студенти во постапката за признавање на испити 2022 година<br>4.3.D Листа на студенти во постапката за признавање на испити 2023 година<br>4.3.E Листа на студенти во постапката за признавање на испити 2024 година<br>4.3.F Листа на студенти во постапката за признавање на испити 2025 година<br>4.3.G Листа на студенти во постапката за признавање на испити 2026 година | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Согласно важечките правила и прописи, по успешно завршување на студиите факултетот и универзитот на студентите им издаваат соодветни документи кои ги содржат и појаснуваат посочените податоци како што се стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.<br><br>Правниот факултет „Јустинија Први“ ги издава следните документи: Уверение за завршен прв циклус на студии, Додаток на диплома за прв циклус на студии, Уверение за втор циклус на студии, Додаток на диплома за втор циклус на студии, Уверение за завршен трет циклус на студии и Додаток на диплома за трет циклус на студии. Универзитетот св. Кирил и Методиј е надлежен за издавање на крајните дипломи за завршени прв, втор и трет циклус на студии.<br><br>Универзитетот св. Кирил и Методиј е надлежен за издавање на крајните дипломи за завршени прв, втор и трет циклус на студии | |
| **Прилози**<br><br>4.4.А Уверение за завршен прв циклус на студии<br>4.4.B Додаток на диплома за прв циклус на студии<br>4.4.C Уверение за втор циклус на студии<br>4.4.D Додаток на диплома за втор циклус на студии<br>4.4.E Уверение за завршен трет циклус на студии<br>4.4.F Додаток на диплома за трет циклус на студии | |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); |

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Во рамките на учебната 2025/26 година наставата ја изведувале **60 редовни професори, 7 вонредни професори и 2 доценти.**

Сите наставници се вработени со полно работно време и сите кои ја реализираат наставата имаат звање доктор на науки од соодветна област, а одлуките за избор во звање се достапни на веб страната на Правниот факултет.

Правниот факлутет се залага за највисоки стандарди во процесот на ангажирање на кадрите. Во рамките наставниот процес вклучен е кадар кој исполнува највисоки критериуми и поседува соодветни квалификации за да ги задоволи потребите на наставно образовниот процес.

Дополнителни информации околу ангажманот на наставно научниот кадар се презентирани во прилозите подолу, каде што се прикачени и биографиите на наставниот кадар од кои може да се верификува потенцијалот кој го поседува наставно научниот кадар на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Од биографиите на наставниот кадар може да се согледа активното учество во процеси поврзани со унапредување на способностите, знаењата и квалификациите во изведување на студиските програми.

Во прилог е дадена табелата со предмети кои ги предаваат наставниците, која треба да се чита заедно со Распоредот на работни задачи, затоа што голем дел од предметите ги предаваат повеќе од еден наставник.

**Прилози**

5.1.A. Линкови до биографиите на наставниот кадар
5.1.B. Линкови до одлуки за избор во звање – редовни професори
5.1.C. Линкови до одлуки за избор во звање – вонредни професори
5.1.D. Линкови до одлуки за избор во звање – доценти
5.1.E. Табела со предмети кои ги предаваат наставниците

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Во рамките извештајниот период од септември 2024 година до септември 2026 година биле објавени **16 трудови** со импакт фактор (труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование).

Во категоријата на трудови кои немаат импакт фактор има **49 трудови** (труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus,Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование).

Во категоријата на трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови има вкупно објавени **29 трудови.**

Во категоријата трудови објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД има вкупно објавено **11 трудови**

Во категоријата книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД има објавено има **44 трудови.**

| | |
|---|---|
| Во категоријата трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји има вкупно објавени **37 трудови.**<br><br>Во категоријата стручни труда има **4 трудови**<br><br>**Во прегледот 5.2 се презентирани објавените публикации согласно наведените категории.** | |
| **Прилози**<br><br>5.2. [Листа на објавени трудови на наставниот кадар] | |
| 5.3. Оптоваруањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Во делот на наставниот процес кадарот на Правниот факултет е вклучен во наставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус на студии. Вкупно наведениот број на вработени во делот на наставниот кадар е ангажиран со полно работно време. Во прилозите може да се види ангажираноста на наставниот кадар на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. | |
| **Прилози**<br><br>5.3.А. [Распоред на работни задачи за учебната 2024/2025 година.]<br>5.3.B. [Распоред на работни задачи за учебната 2025/2026 година]<br>5.3.C. [Извештаи за спроведена настава за зимски семестар 2024/2025 година]<br>5.3.D. [Извештаи за спроведена настава за летен семестар 2024/2025 година]<br>5.3.E. [Извештаи за спроведена настава за зимски семестар 2025/2026 година]<br>5.3.F. [Наставен кадар Правен факултет - години стаж.]<br>5.3.G [Преглед на бројот на одржани часови 2024/2025 година]<br>5.3.H [Преглед на бројот на одржани часови 2025/2026 година]<br>5.3.I [Извештаи за спроведена настава за летен семестар 2025/2026 година] | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Во делот на процесите на ангажирање кадри постојат строги законски нормативи за ангажирање наставен кадар, при што Правниот факултет одржува високо ниво на доследност и квалитет за спроведувањето на истите. При избори, реизбори и унапредувања на наставниците и соработниците, факултетот во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, недвосмислено ги спроведува Статутот и усвоените единствени критериуми за избор во наставно-научни звања на Универзитетот, како и Правилникот за внатрешната организација, како и Правилникот за систематизација на работните места на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Дополнително, потребно е да се истакне дека сите рецензентски извештаи заедно со одлуката за избор можат да се најдат онлајн на веб страната на факултетот и на веб страната на УКИМ соодветно. Во рамките на овие извештаи се елаборира постапката во целост, како и аргументите зошто била избрана одредена личност во одредено звање.

**Прилози**

5.4.А. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје
5.4.В. Правилник за систематизација и Правилник за внатрешна организација Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
5.4.С. Правилник за избор во звања
5.4.D. Билтени
5.4.Е. Преглед на лица избрани во наставно-научни и соработнички звања

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Во поглед на условите за работа се применува Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Сл. весник на РСМ, бр. 245 од 16.11.2022 година). Со Правилникот се уредуваат стандардите и нормативите кои треба да се исполнат за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност. Целта на Правилникот е да се обезбеди квалитет во високото образованите.

Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност:
Миксети со појачала - вкупно 4
Микрофони – вкупно – 15
Сталаци за микрофони – вкупно 10
Радио приемник за микрофон AKG – вкупно 8
Звучници JBL – вкупно 11
Појачало SAMSON – вкупно 1
Камера SONY – вкупно 1
Печатар PANTUM со скенер - вкупно 8
Печатари HP и други - вкупно 53
Фотокопири големи во боја вкупно - 2
Компјутери статични разни модели и производители – вк. 74
Компјутери сервери вкупно - 6
Компјутери LAPTOP Toshiba, Dell, HP - вкупно 52
Скенер - вкупно 1
Телевизори разни димензии - вкупно 2+5
Компјутери терминали (за полагање испити) - вкупно 87
Видеоконференциски уред - вкупно 1

Радио – видео процесори – вкупно – 8
Видеопроектори - вкупно 15
Монитори BEQO -вкупно 59
Компјутер HP THIN – вкупно 59
ИН Камера 2MP - вкупно 1
ИН Камера 8MP - вкупно 3
Рутер LINKSYS - вкупно 2
УПС HANTOL - вкупно 1
Сервер Lenovo – вкупно 1
СВИЧ - вкупно 2
БЛОКАТОР вкупно -2
Микрофони WN – вкупно 6
Камера SONY вкупно -3
Батерија SONY - вкупно 3
Адаптер SONY - вкупно 3
Статив систем Ace M MS - вкупно 3
SONY Микрофон - вкупно 3
Shure MX 185 микрофон - вкупно 3
Lupo smart панел - вкупно 6
Lupo diffuser дифузер -вкупно 6
Lupo стегач - вкупно 6
Lupo врата - вкупно 6
Dell Power сервер вкупно 1
Dell монитор- вкупно 4
Dell рекордер – вкупно 3
Yamaha миксети – вкупно 7
AV Matrix свич – 1
Dell лаптоп- вкупно 69
Принтери Laser Jet M 211dw -вкупно - 4

Податоци за просторот наменет за изведување на наставата и истражувачката дејност:
10 266 м$^2$ (нето простор)
Број и површина на простории:
Амфитеатри вкупно 15 со 1984 места и 1840 м$^2$
Кабинети вкупно 64 со 1009 метри квадратни
Центри (за полагање) вкупно 2 со 130 места и 236 м$^2$
Библиотеки вкупно 2 со 173 м$^2$
Читални вкупно 1 со 571 м$^2$
Судници вкупно 2 со 110 м$^2$

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Професионалниот развој на наставниот кадар на Правниот факултет е уреден со Одлуката за научно и стручно усовршување на вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први “ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 368 од 7 јуни 2017 година), која предвидува одобрување на надомест на трошоци за научно и стручно усовршување на

кадарот на Правниот факултет. Со Одлуката се уредува и начинот на организирање на научното и стручното усовршување на вработените, финансирањето на стручното усовршување и спроведувањето на постапката за одобрување на научното и стручното усовршување на вработените.

Наставниците и соработниците имаат прво и должност на научно и стручно усовршување. Научното усовршување опфаќа: студиски престој во странство заради научно усовршување, мобилност на академскиот кадар за спроведување настава, учество на научен собир во земјата и во странство, објавување труд во меѓународно списание, публикација и друго издание, регистрирано во бази на списанија согласно со Законот за високото образование. Стручното усовршувале опфаќа учество на стручен едукативен настан (работилница, семинар, школа и сл.) и посета на високообразовна установа во странство.

Според Одлуката и административните службеници исто така, имаат право и должност на стручно усовршување. Облици на стручно усовршување на административните службеници се дооформување на стручното образование и стручно усовршување кое опфаќа учење на странски јазици, стекнување информатички и вештини, курсеви или полагање на стручен испит кој е неопходен за извршување на работата, посета на семинари од делокругот на работењето, посета на обуки од делокругот на работењето и други активности.

**Прилози**

5.6. Одлука за научно и стручно усовршување на вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први “ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 368 од 7 јуни 2017 година)

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма.

Правниот факултет има листа на договори кои се склучени со странски универзитети, каде во меморандумите за соработка како и еразмус договорите секогаш се вклучени опциите за вкулучување на визитинг професори.

Во разгледуваниот период, во наставата биле вклучени наставници од странство со релевантен академски профил и експертиза. Проф. д-р Катерина Лируди од Меѓународниот хеленски универзитет во Солун, Република Грција, била ангажирана како визитинг-професор на втор циклус студии на програмата Право на интелектуална сопственост, со настава реализирана во учебните 2021/2022 и 2022/2023 година. Во учебната 2023/2024 година, проф. д-р Ен Донохју од Универзитетот во Бостон, САД, била ангажирана преку програмата Fulbright на предметот „Известување во новинарство (практикум)“ на прв циклус студии по новинарство, со вкупен обем од 26,5 часа настава. Овие ангажмани придонесуваат за внесување компаративни, интердисциплинарни и меѓународно релевантни содржини во студиските програми.

Факултетот обезбедува можности и за вклучување на наставници од странство во научноистражувачките и постдипломските активности, вклучително и како ментори или членови на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови, согласно правилата и постапките на Универзитетот и Факултетот. Поединечните ангажмани се евидентираат преку одлуките за формирање комисии и документацијата за одбрана на магистерски и докторски трудови.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

| | |
|---|---|
| наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | |

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ традиционално се организира Годишна меѓународна конференција, на која учествуваат научници од државата и од странство. Конференцијата промовира интердисциплинарен пристап во истражувањето на современите прашања од областа на правото, политичките науки и новинарството. Конференцијата се одржува на англиски јазик и трудовите од конференцијата се објавуваат во посебни изданија на списанието Iustinianus Primus Law Review на англиски јазик.

Исто така, факултетот објавува годишници и зборници кои имаат меѓународни уредувачки одбори. Во зборниците се објавуваат научни трудови на автори од земјата и од странство.

Понатаму, на Правниот факултет се спроведуваат неколку домашни и меѓународни проекти кои придонесуваат кон поттикнување на научната работа на факултетот. Три проекти на Правниот факултет: проектот „Усогласување на македонскиот правен систем со законодавството на ЕУ за вештачка интелигенција“, проектот „Иновативно-научни решенија за сузбивање на социјалната нееднаквост и сивата економија во Република Северна Македонија преку даночната регулатива“, и проектот „Континуирано правно образование и квалификации за современа правна професија“ се финансирани од Министерството за образование и наука по Конкурс за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година. Во партнерство со УКИМ, Кронкајт училиштето на АСУ и Амбасадата на САД во Скопје на Правниот факултет се спроведува проектот „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia“. Проектот со наслов „Колективно преговарање и еколошка одговорност – предизвици и перспективи за секторот за транспорт и јавниот сектор - CERP“ се спроведува исто така на Правниот факултет.

Меѓународниот проект INVIGORATEU започна со имплементација па почетокот на 2024 година, согласно планираниот календар. Во рамки на предвидените активности во 2025 година беа спроведени истражувања во повеќе работни групи на проектот од страна на истражувачкиот тим од факултетот и во текот на 2026 година проектот продолжува да се спроведува согласно планираните активности.

Повеќе информации за сите проекти кои се спроведуваат на Правниот факултет може да се најдат во Годишните извештаи за работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ кои се достапни во Прилог 5.8.D.

**Прилози**

5.8.A. Годишна меѓународна конференција – Правен факултет „Јустинијан Први“
5.8.B. Списание Iustinianus Primus Law Review
5.8.C. Годишници на Правниот факултет „Јустинијан Први“
5.8.D. Годишни извештаи за работа на Правниот факултет „Јустинијан Први“

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Амфитеатрите и предавалните се опремени со видеопроектори кои им овозможуваат на наставниците одржување на настава со примена на современите информатички технологии (power point презентации, видео презентации и сл.)
Microsoft Office 365 е достапен за наставниците, соработниците и студентите. Системот овозможува лесно споделување на наставни материјали и креирање на online наставни содржини достапни за студентите.
Во голем број на предмети се вклучени вежби со симулации на преговори и институционални и практични примери на функционирање на институциите и процесите. На студиските програми по Новинарство и Односи со јавност функционира Центар за иновации во медиумите кој опфаќа и целосно функционално радио-телевизиско студио преку кое студентите имаат прилика да продуцираат конкретни содржини директно поврзани со целите на соодветните студиски програми.

**Прилози**

5.9. Годишни извештаи за работа на Правниот факултет „Јустинијан Први“

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Согласно член 19 и 20 од Етичкиот кодекс на УКИМ, Правниот факултет не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат.

На Правниот факултет се користи системот за проверка на плагијати воспоставен од страна на Министерството за образование и наука. Системот се користи за проверка на автентичноста на магистерски и докторски трудови на студентите од сите студиски програми на Факултетот. Секоја професор – ментор има свој кориснички профил преку кој може на брз и лесен начин да ги прикачи магистерските и докторските трудови од кандидатите кои ги менторира. За секој прикачен труд професорот-ментор преку својот кориснички профил добива извештај со процент на поклопување на трудот со други трудови прикачени во системот за проверка. Извештајот е детален и содржи преглед на трудовите и точките на преклопување. Системот е лесен за користење и мошне практичен.

**Прилози**

5.10. Етички кодекс на УКИМ

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Во рамките на Правниот факултет, извештајот за работата е документ кој се подготвува еднаш годишно сумирајќи ги сите активности за претходната година.
Наставниот кадар има обврска да ги евидентираа соодветно сите активности во делот на научно истражувачката работа во текот на годината. Истовремено се прават напори сите активности во овој дел да бидат видливи на онлајн платормите како што се Google scholar, Research gate, ORCHID и сл.
Во делот на Статутот на УКИМ и Статутот на Правниот факултет се утврдени активностите поврзани со научно истражувачката работа а истото е во линија со дадените насоки од Законот за научно-истражувачка дејност.
Па така согласно критериумите за избор наставниот кадар има обврска да остварува резултати во наставно образовна (НО), научно истражувачка (НИ) и стручно апликативна (СА) област.
Индикаторите за научноистражувачка работа се утврдени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни и, научни, наставано-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и истите се составен дел од посебните услови за избор во звања.

**Прилози**

5.11.А. Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
5.11.В. Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје
5.11.С. Правилник за избор во звања

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Правниот факултет дава поддршка на наставно-научниот кадар за вклучување во проекти во кои има компоненти за финансирање на научноистражувачки активности. Наставно-научниот кадар добива информации за можностите за аплицирање за финасирање на своите научно истражувачки активности. Во текот на извештајниот период споделени се информации за разни настани, конференции, конкурси, проекти и стипендии.
Дополнително, за најдобар научник во оштествените науки на УКИМ за 2023 година е избран проф. д-р

Александар Стојков од Правниот факултет. Понатаму, неколкумина професори од Факултетот се избрани за најдобри научници во областа на општествените науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во последните десет години. Евидентно е дека добиените награди дополнително верифицираат дека научно истражувачката работа корепондира со локалните, регионалните и националните цели, прикажувајќи го високото ниво на квалитет на научно истражувачката работа која произлегува од кадрите на Правниот факулет.

**Прилози**

5.12. УКИМ награди 2023

# Стандард 6

## СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

| Индикатор | Документација |
| --- | --- |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го планира и следи финансиското работење преку годишни финансиски планови на расходи по квартали и преку финансиски извештаи, односно бруто-биланси за реализираните приходи и расходи. Таквиот пристап овозможува редовно планирање, следење и приспособување на расходите кои се неопходни за непречено одвивање на наставниот процес, функционирањето на стручните и административните служби, одржувањето на инфраструктурата и обезбедувањето ресурси за учење и поддршка на студентите.

Во периодот 2022–2026 година, Факултетот усвојувал годишни финансиски планови со следниот вкупен обем на планирани расходи:

| Година | Вкупно планирани расходи |
| --- | --- |
| 2022 | 56.437.000 денари |
| 2023 | 58.127.000 денари |
| 2024 | 60.447.000 денари |
| 2025 | 55.207.000 денари |
| 2026 | 59.320.000 денари |

Годишните планови редовно предвидуваат средства за патни и дневни расходи, комунални услуги и комуникација, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, набавка и одржување на опрема, како и вложувања во објекти и други нефинансиски средства. На овој начин се обезбедува финансиска основа за одржување и унапредување на просторните, техничките, информатичките и библиотечните ресурси кои се неопходни за реализација на наставата и за поддршка на студентите.

Финансиските извештаи покажуваат дека во рамките на реализацијата на расходите се евидентираат средства за литература, информатички материјали, одржување на софтвер и друга опрема, одржување на објектите, набавка на информатичка и видеоопрема, реконструкција на објекти, како и други расходи поврзани со наставниот и научноистражувачкиот процес. Приходите на Факултетот се остваруваат преку образовни такси и надоместоци, приходи од студии од втор и трет циклус, средства од Универзитетот, донации, спонзорства и други дозволени извори на приходи.

Факултетот обезбедува и континуирано финансирање на научноистражувачката дејност. Согласно финансискиот преглед за периодот 2022–2026 година, средствата издвоени за научноистражувачка дејност се движат од 9.278.946 денари до 12.312.284 денари на годишно ниво во целосните извештајни години. Учеството на овие средства во приходите што претставуваат основа за пресметка изнесува од 12,05% до 14,92%.

| Приходи – основа за пресметка | Средства за научноистражувачка дејност | Учество во прихо |
|---|---|---|
| 83.598.072 денари | 10.723.988 денари | 12,83% |
| 83.932.203 денари | 12.178.004 денари | 14,51% |
| 77.023.314 денари | 9.278.946 денари | 12,05% |
| 82.505.057 денари | 12.312.284 денари | 14,92% |
| 46.562.006 денари | 5.562.199 денари | 11,95% |

* Податоците за 2026 година се однесуваат на периодот од 1 јануари до 15 јуни 2026 година и имаат карактер на меѓупериоден финансиски пресек.

Ваквиот систем на планирање и финансиско следење обезбедува континуитет во финансирањето на наставата, ресурсите за учење и студентската поддршка, како и во финансирањето на научноистражувачката работа на Факултетот.

**Прилози**

6.1.A. Годишен финансиски план на расходи за 2022 година
6.1.B. Годишен финансиски план на расходи за 2023 година
6.1.C. Годишен финансиски план на расходи за 2024 година
6.1.D. Годишен финансиски план на расходи за 2025 година
6.1.E. Годишен финансиски план на расходи за 2026 година
6.1.F. Финансиски извештај за 2022 година
6.1.G. Финансиски извештај за 2023 година
6.1.H. Финансиски извештај за 2024 година
6.1.I. Финансиски извештај за 2025 година
6.1.J. Финансиски извештај за 2026 година, со состојба на 15.06.2026
6.1.K. Табеларен приказ на средствата издвоени за научноистражувачка дејност за периодот 2022–2026 година

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје располага со просторни, информатички, библиотечни и аудиовизуелни ресурси кои овозможуваат реализација на наставата и научноистражувачката дејност на прв, втор и трет циклус студии. Просторните и техничките капацитети се користат за изведување предавања, вежби, испити, клиничка настава, практична работа, индивидуално учење, научноистражувачки активности и студентски активности.

Факултетот располага со вкупно **10.266 m² нето простор**. Во рамките на расположливите капацитети се обезбедени амфитеатри, кабинети, простории за центри, библиотеки, читална, судници, административни простории, простории за студентски прашања и други функционални простории.

| Вид простор | Број | Капацитет / површина |
|---|---|---|
| Амфитеатри | 15 | 1.984 места; 1.840 m² |
| Кабинети | 64 | 1.009 m² |
| Центри за полагање | 2 | 130 места; 236 m² |

| | | |
|---|---|---|
| Библиотеки | 2 | 173 m² |
| Читална | 1 | 571 m² |
| Судници | 2 | 110 m² |
| Простор за административно-технички персонал | — | 436 m² |
| Простор за студентски прашања | — | 260 m² |
| Други простории | 7 | 397 m² |
| Депо за архива и студентски прашања | — | 75 m² |

Наставниот процес се реализира со примена на информатичка и аудиовизуелна опрема, вклучително и компјутери, лаптопи, сервери, монитори, видеопроектори, принтери, скенери, видеоконференциски уред, аудиоопрема и мрежна опрема. Во Факултетот се обезбедени **87 компјутерски терминали за полагање испити**, кои претставуваат ресурс директно наменет за студентите. Дополнително, наставниот процес се поддржува со 15 видеопроектори, 59 HP Thin компјутери со 59 монитори, статични компјутери, лаптопи и друга информатичка опрема распределена во наставните и специјализираните простории.

Во рамките на студиските програми по Новинарство и Односи со јавност, студентите имаат пристап до специјализирана аудиовизуелна опрема и ресурси во Центарот за иновации во медиумите. Расположливата опрема вклучува миксети, микрофони, радио-приемници, звучници, камери, видео-процесори, рекордери, осветлување и друга опрема неопходна за практична настава, продукција на аудиовизуелни содржини и развивање професионални компетенции.

Библиотечната инфраструктура ја сочинуваат две библиотеки и една читална, со вкупна површина од 744 m². Библиотеката обезбедува пристап до стручна и научна литература релевантна за студиските програми. Нејзината работа, користењето на расположливите ресурси и тековното дополнување на библиотечните материјали се реализираат согласно Правилникот за работа на Библиотеката и расположливите финансиски средства.

Достапноста на научните и стручните извори се надополнува со електронски ресурси. Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е пребарливо во базите EBSCO и HeinOnline, со што студентите и наставниот кадар имаат дополнителен пристап до релевантни научни содржини и публикации.

Факултетот располага со инфраструктура за учење на далечина и дигитална комуникација со студентите. Microsoft Office 365 е достапен за наставниците, соработниците и студентите и овозможува споделување на наставни материјали, поставување електронски содржини, комуникација и организација на онлајн-наставни активности. За административно следење на студискиот напредок и студентските обврски се користат и универзитетските електронски системи.

Пристапот на студентите и наставниот кадар до ресурсите се обезбедува преку распоредот за користење на наставните простории, библиотеката, читалната, компјутерските терминали и специјализираните ресурси. Факултетот обезбедува физичка пристапност на дел од своите просторни и библиотечни ресурси за лица со попреченост. Во објектот се обезбедени пристапни рампи, лифтови, тактилни патеки за слепи и слабовидни лица, како и посебен лифт за пристап до библиотеката и читалната. Овие решенија овозможуваат полесен и побезбеден пристап до наставните простории, административните служби и библиотечните ресурси.

Техничките ресурси се следат преку попис на опремата, тековно одржување, сервисирање и поправки на објектите, софтверот и другата опрема. Потребите за поправка, замена и дополнување на ресурсите се утврдуваат во рамките на редовното функционирање на службите и при подготовката на финансиските планови. Во финансиските извештаи за извештајниот период се евидентирани расходи за одржување на објекти, софтвер и друга опрема, што укажува на континуирано следење на функционалноста и употребливоста на техничките ресурси.

**Прилози**

6.2.А. Карта на високообразовната установа
6.2.В. Извештај за извршен редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност за 2021
6.2.С. Извештај за извршен редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност за 2022

| |
|---|
| 6.2.D. Извештај за извршен редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност за 2023<br>6.2.E. Извештај за извршен редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност за 2024<br>6.2.D. Извештај за извршен редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност за 2025<br>6.2.F. Извештај од извршени испитувања на техничка опрема (лифтови за лица со нарушена мобилност) |

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Работата на стручната, административната и помошно-техничката служба на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е организирана во функција на непречено одвивање на наставниот процес, административната поддршка на студентите и внатрешното обезбедување на квалитетот.

Согласно кадровската евиденција, на Факултетот се ангажирани вкупно 25 лица во стручната, административната и помошно-техничката поддршка. Од нив, 12 лица се ангажирани во стручната и административната служба, а 13 лица во помошно-техничките служби.

Стручната и административната служба ги опфаќа следните работни позиции: секретар, раководител на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, советници и соработници за студентски прашања, советник за ИКТ, советник за човечки ресурси, соработник за магистерски и докторски студии, самостоен референт-архивар и благајник/самостоен референт за благајна.

Во рамките на стручната и административната служба, осум лица имаат завршено магистерски студии, едно лице има високо стручно образование, а три лица имаат средно стручно образование. Таквата кадровска структура овозможува обезбедување административна, стручна, информатичка, финансиска и техничка поддршка за студентите на прв, втор и трет циклус студии.

Поддршката на студентите се остварува преку Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, соработниците за студентски прашања, соработникот за магистерски и докторски студии и советникот за ИКТ. Преку овие служби се обезбедува континуирана поддршка во однос на административните постапки поврзани со студирањето, пристапот до информации, користењето на дигиталните ресурси и реализацијата на обврските на студентите на различните циклуси студии.

Иако не постои посебен формализиран протокол, административниот и наставниот кадар, преку непосредна и електронска комуникација, обезбедуваат флексибилна и индивидуализирана поддршка, во рамките на расположливите можности, за вработените и вонредните студенти, студентите на втор и трет циклус, странските студенти и студентите со попреченост.

Помошно-техничката поддршка ја обезбедуваат хигиеничари, чувари и хаусмајстор, со што се овозможуваат функционални, безбедни и соодветно одржувани услови за реализација на наставата, испитите, студентските активности и работата на административните служби.

Факултетот овозможува развој на компетенциите на административниот кадар преку учество на обуки. Во периодот 2021–2026 година, во кадровската евиденција се регистрирани десет обуки за четири лица ангажирани во административната служба. Учеството во обуки придонесува за одржување и унапредување на административните, финансиските, кадровските и организациските компетенции на службите.

**Прилози**

6.3.А Список на вработени во административна служба и помошно-технички лица на Правен факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје
6.3.В Табеларен приказ

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го препознава значењето на вклучувањето на студентите од сите циклуси на студии во научноистражувачката дејност. Во рамките на наставниот процес студентите се вклучуваат во различни форми на истражувачка и аналитичка работа, како што се изработка на семинарски работи, проектни задачи, учество во правни клиники, симулации и други активности насочени кон развој на истражувачки, аналитички и професионални компетенции.

За извештајниот период не се расположливи централизирани и проверливи податоци за студентите кои биле формално ангажирани во научноистражувачки проекти, по циклус на студии и поединечен проект. Поради тоа, не се внесуваат поединечни имиња на студенти, ниту се пресметува процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број студенти.

Како мерка за унапредување, Факултетот воспоставува единствена евиденција за студентско учество во научноистражувачки проекти. Евиденцијата ќе содржи податоци за студентот, циклусот на студии, називот и имплементаторот на проектот, изворот на финансирање, видот на ангажманот и релевантните резултати од проектот. За таа цел, раководителите на проекти и организациските единици ќе доставуваат годишни податоци до надлежната служба или тело за обезбедување квалитет.

**Прилози**

6.4.А Решение за овластување на лице за водење единствен регистар на податоци

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје обезбедува поддршка на студентите преку Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни), формиран како посебна внатрешна организациска единица на Факултетот.

Центарот е формиран во согласност со член 36 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, врз основа на Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-2-250/3 од 28.02.2023 година. Работата, организацијата, надлежностите и активностите на Центарот се уредени со Правилата за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

За раководење со Центарот, со Решение на Деканот бр. 03-272/1 од 28.02.2023 година е именуван раководител на Центарот, а со Решение бр. 03-272/2 од 13.03.2023 година се именувани советници за кариера. Центарот води посебна евиденција за поранешни студенти – алумни.Поддршката се остварува преку работилници за кариерен развој и

практични вештини, кариерно насочување, информации за можности за практикантска работа, мобилност, стипендии и работни позиции, како и преку активности за поврзување на студентите со алумни-заедницата, државни институции, работодавачи, организации од граѓанскиот сектор и други релевантни чинители.

Во извештајниот период Центарот организирал активности кои опфаќале работилници за правно пишување, подготовка за вработување, комуникациски и презентациски вештини, правно аргументирање, практични аспекти на правната професија и други теми релевантни за професионалниот развој на студентите. Покрај тоа, Центарот посредува во воспоставување можности за практикантска работа и мобилност во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Центарот води и електронска база на податоци за студенти и алумни, која се користи за нивно вмрежување, подобрување на комуникацијата и информирање за кариерни и професионални можности. Информациите за активностите, работните позиции, стипендиите, практикантската работа и волонтирањето се објавуваат преку веб-страницата и социјалните мрежи на Центарот и на Факултетот.

**Прилози**

6.5.A Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) за 2023 година
6.5.B Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) за 2024 година
6.5.C Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) за 2025 година
6.5.D Табеларен приказ

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје има воспоставен функционален систем за соработка, следење и комуникација со Алумни-заедницата, кој се реализира преку Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни).

Центарот води посебна електронска евиденција за поранешни студенти (алумни), како и база на податоци за студенти. Базите се наменети за вмрежување и организирано поврзување на сегашните студенти со дипломираните, магистрираните и докторираните студенти на Факултетот, со цел размена на знаења, професионални искуства, информации за практикантска работа, вработување, стипендии и други можности за професионален развој.

Регистрацијата во базата на податоци се врши преку електронски формулари, а комуникацијата со Алумни-заедницата се остварува преку организирање работилници, мотивациски и неконвенционални настани, средби со алумни, кариерни настани, како и преку редовно објавување информации на веб-страницата и социјалните мрежи на Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни). Податоците покажуваат континуирано зголемување на бројот на регистрирани членови на Алумни-заедницата. Во периодот 2023/2024–2025/2026 бројот на регистрирани алумни се зголемил од 40 на 106, што укажува на постепено зајакнување на системот за следење и комуникација со поранешните студенти.

**Прилози**

6.6.A. Линк од фејсбук страна
6.6.B. Линк од инстаграм страна
6.6.C Табеларен приказ

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје обезбедува формални и практични услови за учество на студентите во управувањето, како и во академскиот и општествениот живот на Факултетот. Учеството на студентите е уредено со

Статутот на Факултетското студентско собрание, а студентите се застапени во органите и телата на Факултетот преку избрани претставници, согласно приложениот приказ на студентските претставници и изборната документација.

Факултетското студентско собрание функционира како демократски избрано претставничко тело на студентите. Во разгледуваниот период се спроведувале избори за претседател и членови на ФСС, а неговата работа и активности се следат преку официјалната веб-страница на Факултетот, посебната страница на ФСС и официјалните комуникациски канали на студентското собрание.

Заштитата и унапредувањето на студентските права се предвидени и преку институтот студентски правобранител, односно заменик-студентски правобранител, како механизам преку кој студентите можат да добијат поддршка и да укажат на прашања поврзани со нивниот статус и права.

Факултетот континуирано ги поддржува студентските културни, општествени и едукативни иницијативи преку обезбедување простор, организациска и комуникациска поддршка, вклучување на наставен и административен кадар и соработка со ФСС, студентски организации и надворешни партнери. Најпрепознатлива традиционална активност е Ораторската вечер „Иво Пухан“, која се реализира во повеќе последователни изданија и создава простор за развој на реторички, аргументациски и јавни комуникациски вештини кај студентите.

Факултетот ја поддржува и студентската дебата преку Центарот за правно-клиничка едукација по студентска дебата, како и преку активности на дебатниот клуб и организирање јавни дебати и панел-дискусии. Во извештајниот период се евидентирани активности посветени на прашања од демократскиот развој, студентскиот стандард и други теми од јавен интерес.

Во рамките на општествено одговорните активности на ФСС се реализирани кампањи по повод човековите права, крводарителски акции, хуманитарни активности и акции за донација на облека. Во спортскиот сегмент, ФСС го промовирало учеството на студентите во Универзитетските студентски игри.

**Прилози**

6.7.А. Статут на ФСС
6.7.B. Претставници од редот на студентите во органите и телата на правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
6.7.C. Одлука за избор на членови на студентско собрание и извештај од последните спроведени избори и анекс Избор на претседател на ФСС
6.7.D. Годишни извештаи за работата на Правниот факултет
6.7.Е. Линк до ФСС:
Веб страна на Факултетот: https://pf.ukim.edu.mk/category/fss/
Инстаграм: https://www.instagram.com/fss.pf/
Студентски правобранител
Инстаграм: https://www.instagram.com/ukim.studentskipravobraniteli/

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје обезбедува континуирано и повеќеканално информирање на студентите за услугите, правата, обврските и можностите што им стојат на располагање во текот на студирањето.

Основен канал за јавно информирање е официјалната веб-страница на Факултетот. Преку неа се објавуваат информации за студиските програми, наставниот кадар, правила и постапки за студирање, уписи, испитни рокови, распоред на наставата, известувања од студентските служби, конкурси, повици за мобилност, стипендии, научни и стручни настани, како и други информации од значење за студентите.

Административните служби обезбедуваат директна комуникација со студентите преку службената електронска пошта, универзитетскиот електронски систем iKnow и веб-страницата на Факултетот. На тој начин студентите добиваат

| |
|---|
| информации и поддршка во врска со уписите, заверките, пријавувањето испити, издавањето уверенија и други административни постапки.<br><br>Дополнително, Факултетот ги користи социјалните мрежи како канал за брзо и пошироко информирање на студентите и заинтересираната јавност. Преку овие канали се промовираат студиските програми, настаните, јавните предавања, студентските активности, повиците за мобилност, конкурсите и други можности релевантни за студентскиот живот и професионалниот развој.<br><br>Посебна улога во информирањето има Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни). Преку веб-страницата и социјалните мрежи на Центарот се објавуваат информации за работни позиции, практикантска работа, волонтирање, стипендии, кариерни работилници, настани со алумни и други можности за развој на практичните и професионалните компетенции на студентите.<br><br>Информирањето се надополнува и преку непосредна комуникација со наставниот и соработничкиот кадар, консултации, известувања во наставните простории, активности на Факултетското студентско собрание и настани организирани од организациските единици и центрите на Факултетот.<br><br>Со комбинирање на електронски, институционални и непосредни канали на комуникација, Факултетот обезбедува студентите навремено да бидат запознаени со услугите и можностите што им стојат на располагање. |
| **Прилози**<br><br>6.8.А. Линк од веб страна на Факултетот: https://pf.ukim.edu.mk<br>6.8.В. Линк од социјални мрежи на Факултетот<br>ФБ: https://www.facebook.com/pravenfakultetjustinijanprvi/?locale=mk_MK<br>Инстаграм: https://www.instagram.com/praven.ukim/ и<br>6.8.С. Линк до Центарот за кариера и одборот за поддршка (алумни).<br>ФБ: https://www.facebook.com/profile.php?id=100092104931842<br>Инстаграм: https://www.instagram.com/centarzakarieraialumni/ |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Заради успешно спроведување на студиските програми и другите активности, Факултетот континуирано прибира и користи информации. Во овој процес се вклучени сите засегнати страни (студенти, наставници, соработници административна служба, т.е. одделението за студентски прашања) и во зависност од овластениот пристап на соодветен начин постапуваат со информациите. Прибирирањето, користењето и обработката на податоците од важност за реализирање на студиските програми и активности во врска со наставно-образовниот процес, како и чувањето на податоци за студенти и наставен кадар, се врши преку iKnow системот (Прилог 7.1.F), кој е востановен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а Факултетот е негов корисник.<br>Факултетот, како корисник на овој систем за потребите на наставата и студентите, има увид на податоците за интересот на студентите за упис на соодветни студиски програми, бројот на пријавени и запишани студенти и сл. Преку iKnow системот исто така се овозможува следење и прибирање на податоци во врска со исполнување на административните активности на студентите (пример, запишување/заверување на семестар; електронско | |

пријавување на испити; електронски избор на предмети на втор циклус студии; уплата заради издавање потврда за редовен студент, уплата заради издавање уверение за положени испити, итн).

Почнувајќи од летниот семестар академска 2025/26 година, Факултетот започна со пробниот процес на воведување електронска евиденција за редовност на наставата на студентите на сите студиски програми на прв циклус студии. Во моментот е техничка проверка на апликацијата преку андроит платформа. Системот за евиденција на присуство на настава откако ќе биде имплементиран, се планира задолжително да се применува во академската 2026/27 година. Овој систем ќе биде задолжителен и унифициран и ќе важи за наставниот кадар и студентите на Факултетот.

Во процесот на прибирање, анализирање и користење на информации за научно-истражувачка работа на наставниот кадар на Факултетот се користи „Ризница на научни трудови на УКИМ" (Прилог 7.1.F), востановена и одржувана од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје. Ризницата претставува сеопфатна јавно-достапна збирка на научни трудови и публикации на ниво на сите единици на Универзитетот, меѓу кои и на Факултетот како единица на Универзитетот. Учебници, монографии, практикуми, делови и поглавја од учебници, анализи, трудови од научни конференциии и други публикации се составен дел на ризницата на Факултетот.

Заради видливоста на информациите за студенти на трет циклус студии, сите докторските дисертации и информации за одбраната, навремено се објавуваат на официјалната веб страница на Факултетот (Прилог 7.1.B).

Во контекст на користење информации за научно-истражувачка работа на наставниот кадар на Факултетот, како значајни научни публикации кои опфаќаат трудови од областа на правото и политичките науки претставуваат Годишниците како издавачка дејност на Факултетот (Прилог 7.1.C). Како академска традиција што Факултетот ја негува, годишниците кои се издаваат со цел да се одбележи научниот придонес на истакнати професори на Факултетот. По донесување на одлуки на ННС (во академската 2025 и почетокот на 2026 година) во врска со издавање на Годишници, веќе се започнати постапките за именување на уредувачки одбор, како и прибирање на научни трудови, уредување, изработка и издавање на неколку Годишници (Прилог 7.1.D ).

Во рамки на активностите кои се преземаат за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Прилог 7.1.А), во интернет просторот научниот кадар на Факултетот креира (и ажурира) свој кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации, како Google Scholar академски интернет-пребарувач кој индексира текстови или метаподатоци за сите облици на академски публикации, како и платформите ResearchGate.net, Academia.edu и профил на ORCID (Прилози 7.1.E; 7.1.F)

**Прилози**

7.1.A Правилата за начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на УКИМ
7.1.B Објава на докторски дисертации
7.1.C Објава на Годишници
7.1.D Одлуки на Наставно-научен совет
7.1.E Листа со регистрација на наставниот кадар во базите
7.1.F Линкови од платформите за видливост на наставниот кадар

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

На Факултетот се прибираат податоци кои се од важност за профилот и дејноста на установата. Овие податоци се прибираат во зависност од потребата и овозможуваат да се изврши анализа на успехот на студентите по студиски програми, по години на студирање и година на запишување, просечно време за завршување на студиите, итн.

Сите податоци од важност за студентите (број на индекс, студиска година, семестри, предмети, пријави за испити, итн) се обезбедуваат преку софтверската апликација iKnow. Секој студент на својот профил, освен што може да

управува со своите податоци (пример, задолжително електронско пријавување на испити), исто така, добива корисни соопштенија (пример, упатство за пополнување на анкетата за самоевалуација, известување и покана за важни настани, запишување семестар, пријавување на испити, известувања во врска со одложување на наставата, известувања за внесување оцени итн).

На Факултетот студентите заедно со вработените (наставниот кадар и стручните служби) се вклучени во процесот на обезбедување и анализа на податоците. Студентите се вклучени при прибирање на податоци за анализа на квалитетот на наставно-образовниот процес (пример, како членови во Комисијата за самоевалуација) (Прилог 7.2.D). Исто така, студентите имаат свој придонес и во самиот процес на анализа на квалитетот на факултетот преку пополнување на анкети на самоевалуација на крајот на семестарот (Прилог 7.2.А). Податоците прибрани од онлајн анкетата за самоевалуација спроведена преку софтер креиран за потребите на овој процес исто така претставува и важен индикатор кој се содржи во рефератот за избор во звање на секој наставник.

Факултетот прибира и информации кои се од корист за учењето и за поддршката на студентите. На официјалната веб страница на Факултетот редовно се објавуваат практични информации поврзани со пракси и вработувања на студентите (Прилог 7.2.B). Преку Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) континуирано се одржуваат практични курсеви (каде предавачи се од редот на наставниците, судиите, практичарите и сл) на кои студентите ги продлабочуваат своите знаења. За реализирани курсеви секој од учесниците добива соодветен сертификат издаден од Факултетот (Прилог 7.2.C). Севкупните податоци во врска со реализираната меѓународна, научна, конференциска или друга слична активност во кој бил вклучен наставниот кадар и студентите на Факултетот претставуваат дел од Годишниот извештај кој се објавува за секоја академска година (Прилог 7.2.E).

Вработениот наставен кадар е вклучен во обезбедување на податоци поврзани со нивната наставно-научна работа (одржување на настава, истражувања и проекти, трудови, учество на конференции и сл). Наставниот кадар, заради прибирање и обезбедување на податоци за наставно-образовната активност на Факултетот секој семестар (летен и зимски) поднесува во печатена форма извештај за реализирана настава. Заради обезбедување на податоци поврзани со наставно-научна и истражувачка активност наставниот кадар пред крајот на секоја академска година (месец декември) поднесува во печатена форма индивидуален годишен извештај за спроведени програмски активности за претходна календарска година (објавени трудови, учество на конференции, семинари, научен престој и сл.), со кои информации располага службено лице на Факултетот. Исто така, заради прибирање на податоци за мобилност и учество на конференции во странство, наставниот кадар поднесува во печатена форма индивидуален извештај за реализираната мобилност, со кои информации располага службеното лице на Факултетот.

Сите податоци и информации обезбедени преку овие процеси во кои учествуваат студентите и вработените се ползуваат за планирање на понатамошни активности на Факултетот (заради промоција и промотивни активности за меѓународна соработка, како и со соработка со приватниот и јавниот сектор во земјата и сл).

**Прилози**

7.2.A Извештаи од самоевалуација
7.2.B Практични информации за студентите
7.2.C Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни)
7.2.D Одлука за претставници од редот на студенти во Комисијата за самоевалуација
7.2.E Годишни извештаи за работа на Факултетот

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

На Факултетот на годишно ниво се организираат и одржуваат голем број на различни настани и активности насочени кон унапредување на наставно-образовниот процес, научно-истражувачките активности, како и поврзување и соработка со приватниот и јавниот сектор во државата, со меѓународната заедницата и сл.

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Прилог 7.3.B) и член 58 од Статутот на Факултет (Прилог 7.3.C), Наставно – научниот совет на редовна седница (во месец февруари/март за претстојната академска година) донесува Програма за работа на ННС, со која се планираат и претстојните активности на Факултетот.

Сите значајни настани и активности кои делумно или целосно се организирани од страна на Факултетот се објавени на официјалната веб страница и претставуваат информација која е јавна и достапна за секое заинтересирано лице (Прилог 7.3.E). Планираните настани и активности со Програмата на Факултетот се предмет на дискусија и одлучување од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот (пример, формирање на Организационен одбор за организирање на Годишна конференција како традиционален настан на Факултетот, именување на членови на

| |
|---|
| Организационен одбор за организирање на Ораторска вечер, итн). За секој значаен настан, активност или процес што се спроведува на Факултетот по завршена календарска година се поднесува извештај до Наставно-научниот совет (пример, извештаи за работа што ги доставуваат Центрите при Факултетот) кои претставуваат составен дел од Годишните извештаи за работата на Факултетот достапни на официјалната веб страницата (Прилог 7.3.D; Прилог 7.3.F).<br>На Факултетот е започнат процес на постепено воведување на посебен системски пристап за планирање и реализација на значајни настани, активности и процеси. Факултетот систематски ги селектира и анализира податоците од реализираните настани, активности и процеси преку Евиденцијата на значајни настани, активности и процеси на Факултетот (Прилог 7.3.А), со која управува надлежното лице од редот на администрацијата на Факултетот. Во Евиденцијата се внесуваат сите факултетски активности и настани (почнувајќи од средината на 2024 година) со следните карактеристики: наслов и тип на настан, активност или процес; датум и време на одржување; организатор и место на одржување; број и профил на учесници, итн. Овие информации континуирано се објавуваат на официјалната веб страницата на Факултетот и се достапни за сите заинтересирани страни.<br>Податоците се собираат и се анализираат потребите на стратешкиот менаџмент на Факултетот. Прибраните податоци се користат за планирање и организирање на идните настани, активности и процеси. Податоците се предмет на анализа и дискусија на Деканатската управа и ННС, на кои седници се носат заклучоци и одлуки врз основа на прибраните податоци. Остварените резултати од спроведените настани и активности се анализираат и служат како основа за планирање на идни настани, активности и процеси, како и за идентификација на области кои подлежат на измена и подобрување. Факултетот на овој начин се стреми да ги подобри образовните процеси преку реализација на постоечките активности и воведување на други разновидни активности кои би овозможиле поголема инклузивност на наставниот кадар и студентите.<br>Со деталното следење и анализа на податоците прибрани од настаните и активностите, Факултетот цели кон прилагодување на своите стратегии за обезбедување на повисок квалитет на образование, ангажираност на наставниот кадар и поддршка на студентите, а со тоа и да постепено да го модернизира профилот на Факултетот. |
| **Прилози**<br><br>7.3.А. Систем на евиденција на значајни активности, настани и процеси (Образец)<br>7.3.В. Закон за високото образование<br>7.3.С. Статут на Правниот факултет<br>7.3.D. Изводи од Годишни извештаи на Факултетот<br>7.3.Е. Настани<br>7.3.F. Општи соопштенија |

| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
|---|---|
| Факултетот своето работење во однос на заштитата на личните податоци го врши согласно Законот за заштита на личните податоци. Безбедноста на сите информации прибрани во електронска и печатена форма поврзани со лични податоци на студентите, Факултетот ја овозможува на начин што ги штити нивните лични податоци согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци (Прилог 7.4. А).<br>Прибраните електронски податоци на студентите Факултетот ги обработува преку системот Iknow, како негов корисник, а кој систем го одржува Универзитетот. За да може наставниот кадар, студентите и стучната служба да пристапат во  Iknow системот до информации за кои се овластени, поминуваат низ безбедносна автентикација при регистрација која е пропишана заради заштита на личните податоци.<br>Во поглед на прибраните податоци на студентите во печатена форма, а имајќи го предвид Законот за заштита на личните податоци, Законот за високото образование и Статутот на УКИМ, личните податоци на студентите безбедно се чуваат во нивните персонални досиеја до кои пристап имаат само овластените лица (пример, со податоците менаџира одделот за студентски правања; наставниот кадар не споделува лични податоци за студентите при објавување на резултатите од спроведени испити, вежби или други активности, туку тие се анонимизираат и се прикажуваат исклучиво преку бројот на индексот на студентите и остварениот успех).<br>Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Прилог 7.4.В), Факултетот на официјалната веб страница објавува листа на информации од јавен карактер (закони и подзаконски акти, основни податоци за Факултетот, податоци за Деканот, стручна и административна служба, одлуки на ННС, годишни и | |

| |
|---|
| заврши извештаи, итн), како и податоци за службеното лице кое посредува со тие информации. (Прилог 7.4. C). |
| **Прилози**<br><br>7.4.A Закон за заштита на личните податоци<br>7.4.B Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер<br>7.4.C Информации од јавен карактер |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Факултетот континуирано ги објавува информациите поврзани со студиските програми и активностите кои се ажурирани онлајн и достапни за сите корисници (Прилог 8.1.A). Факултетот редовно на официјалната веб страница објавува информации поврзани со студиските програми од сите циклуси на студирање и активностите поврзани со истите (Прилог 8.1.B).<br>Факултетот на својата официјална веб страница исто така има објавено релевантни информации за сите студиски програми и активностите во рамките на истите кои се достапни за тековните и идните студенти (Прилог 8.1.C).<br>Информациите објавени на веб страницата на Факултетот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни за сите заинтересирани страни (за студентите, наставниот кадар или за општата јавност). Точноста и веродостојноста на информациите се прибавува преку взаемна соработка помеѓу наставниот кадар, Деканатот, Центрите, ИКТ службата и студентите преку Факултетското студентско собрание на Факултетот, кои заедно се ангажирани за видливоста на Факултетот при реализирање на факултетските активности и модернизирање на профилот на установата.<br>Установата редовно учествува на саеми или организира други активности и настани на кои ги презентира своите активности и студиски програми. На Факултетот редовно се спроведуваат активности поврзани со промоција на Факулетот, во кои учествуваат наставниот кадар и студентите (како претставници од Факултетското студентско собрание, ЕЛСА итн).<br>Во врска со промоцијата и промотивни активности, Факулетот остварува голем број на активности кои се објавени на официјалната страница на Факултетот, на социјалните и дигиталните медиуми и други портали (Прилог 8.1.G; Прилог 8.1.D).<br>Информациите кои се однесуваат на промоцијата и другите активностите на Факултетот се корисни, не само за потенцијалните, туку и за тековните студенти, како и за поранешните студенти и други лица од пошироката јавност. | |
| **Прилози**<br><br>8.1.A Општи соопштенија<br>8.1.B Огласна табла за студентите согласно студиските програми<br>8.1.C Информации за студиски програми на прв, втор и трет циклус<br>8.1.D Линкови до социјални медиуми на Факултетот<br>8.1.E Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите (Образец)<br>8.1.F Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на Факултетот<br>8.1.G Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите | |

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Правниот факултет ги има објавено сите информациите за студиските програми, критериумите за упис , целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии прв втор и трет циклус на студии. Промотивните настани кои се одржуваат неколку во текот на годината обезбедуваат простор за дополнителни дискусии и потенцијални комуникации во однос на целосниот образовен процес и потенцијалните вработувања.

**Прилози**

8.2.А Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Резултатите од учењето и научноистражувачката работа на Факултетот редовно се објавуваат на официјалната веб страница.
Заради јавност и информации за докторирани студенти на трет циклус студии, сите докторските дисертации на Правниот Факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје се објавуваат на официјалната веб страницата на Факултетот (Прилог 8.3. А). Исто така, на Факултетот редовно и навремо се објавува времето и просторијата во која се одржува одбрана на докторската дисертација.
Факултетот, исто така, редовно ги објавува закажаните одбрани на магистерските трудови (Прилог 8.3. В).
Докторските дисертации и магистерските трудови на кандидатите се достапни и во печатена форма во библиотеката на Факултетот.
Како резултат на соработка помеѓу наставниот кадар и студентите на Факултетот во 2025 година е издадено USTINIANUS PRIMUS STUDENT LAW REVIEW Студентско стручно списание на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" – Скопје, како нова платформа која има за цел да ги охрабри младите правници да ја преточат нивната критичка мисла преточат во пишан збор (Прилог 8.3. С).

**Прилози**

8.3.А. Објави на трет циклус студии
8.3.В. Објави за втор циклус студии
8.3.С. Студентско стручно списание на Факултетот

## Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ја поддржува и реализира студентската меѓународна мобилност преку програмите Еразмус+ и CEEPUS, како и преку учество во меѓународни академски мрежи и партнерства.<br><br>Во извештајниот период 2022/2023–2025/2026 година, се евидентирани реализирани студентски мобилности на високообразовни установи во Хрватска, Србија, Италија, Словенија и Австрија.<br><br>Мобилностите се реализираат на сите три циклуси на студии, односно на прв, втор и трет циклус. Во разгледуваниот период, најголем дел од евидентираните мобилности се однесуваат на студенти на втор циклус студии, а регистрирани се и мобилности на студенти од прв циклус и на докторанди.<br><br>За мобилностите со студиска компонента, вреднувањето и признавањето на остварените резултати се вршат согласно правилата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, применливите ЕКТС-инструменти и договорените обврски пред поаѓањето на мобилност. Кај истражувачките мобилности на трет циклус, резултатите се евидентираат како дел од истражувачката работа и професионалниот развој на докторандот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br><br>9.1.А Табеларен приказ 9.1.А и 9.1.В.</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ја реализира меѓународната соработка и интернационализацијата преку организациска поставеност во која продеканот за наука и меѓународна соработка има надлежности во областа на научната и меѓународната соработка.<br><br>За реализација на активностите поврзани со студентската мобилност и програмата Еразмус+, со одлука на Деканот е именуван Еразмус+ координатор, кој е задолжен за координација на Еразмус+ договорите и конкурсите за мобилност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. За својата работа, Еразмус+ координаторот доставува информации и извештаи кои се разгледуваат во рамките на работата на Наставно-научниот совет и се вклучуваат во годишното известување за работата на Факултетот.<br><br>Меѓународната димензија на работата на Факултетот се следи преку годишните извештаи, во кои се евидентираат реализираните активности поврзани со меѓународна соработка, Еразмус+ мобилност, договори со странски високообразовни установи, учество во меѓународни проекти, научни настани и други облици на соработка.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
</table>

9.2.А. Одлука за избор на продекан за меѓународна соработка
9.2.В. Еразмус+ извештај за студентска мобилност за периодот 2021/2022–2025/2026

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје обезбедува финансиски средства за реализација на меѓународната соработка преку средства од Буџетот на Република Северна Македонија и преку сопствени приходи. Средствата се планираат и користат за активности поврзани со меѓународната соработка, вклучително и учество во меѓународни проекти и мрежи, меѓународна мобилност, организација и учество на меѓународни научни и стручни настани, како и други активности релевантни за интернационализацијата на наставниот и научноистражувачкиот процес.

Во учебната 2023/2024 година, за меѓународна соработка биле планирани вкупно 2.454.508 денари, од кои 17.500 денари од Буџетот на Република Северна Македонија и 2.437.008 денари од сопствени приходи. Од планираните средства биле искористени 2.080.625 денари.

Во учебната 2024/2025 година, вкупно планираните средства изнесувале 4.464.503 денари, од кои 1.330.395 денари биле обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а 3.134.108 денари од сопствени приходи. Во истиот период биле искористени 3.625.285 денари.

Во учебната 2025/2026 година, за меѓународна соработка биле планирани 4.621.763 денари, од кои 1.867.763 денари од Буџетот на Република Северна Македонија и 2.754.000 денари од сопствени приходи. Искористените средства изнесуваат 3.056.348 денари.

**Прилози**

9.3.А Табеларен приказ

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ја развива меѓународната соработка преку Еразмус+ договори, билатерални договори и меморандуми со странски високообразовни установи и институции, како и преку членство во меѓународни академски мрежи.

Факултетот има институционално членство во European Association of Law Faculties- ELFA, Rotterdam Law Network и South East European Law School Network- SEELS. Овие форми на соработка претставуваат основа за мобилност на студентите и наставниот кадар, учество во меѓународни проекти и научни настани, гостински предавања, летни и зимски школи, академски натпревари и заеднички наставни активности.

Во извештајниот период, конкретно реализираните активности се евидентираат во годишните извештаи за работата на Факултетот. Тие опфаќаат мобилности во рамки на програмите Еразмус+ и CEEPUS, учество во

меѓународни и регионални научни проекти, конференции, академски мрежи, заеднички курсеви и активности со странски партнери, како и учество на студенти и наставен кадар на меѓународни натпревари.

Овие активности се непосредно поврзани со реализацијата и унапредувањето на студиските програми по право, политички науки, новинарство и односи со јавност, бидејќи овозможуваат компаративни и интердисциплинарни содржини, размена на академски искуства и развој на професионални и истражувачки компетенции. Меѓународната димензија на студиските програми се реализира преку договори, мобилност, проекти, мрежи и конкретни наставни и научни активности.

**Прилози**

9.4.A. Листа на договори за меѓународна соработка, вклучувајќи и за програмата Еразмус+
9.4.B. Договори за билатерална соработка со странски високообразовни установи или институции
9.4.C. Мобилност на наставен кадар во последните 5 години- Еразмус+
9.4.D. Мобилност на наставен кадар CEEPUS

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Правниот факултет „Јустинијан Први“ја развива интернационализацијата на наставниот и научноистражувачкиот процес преку воспоставените Еразмус+ договори, билатерални договори и меморандуми со странски високообразовни установи, учество во меѓународни академски мрежи, како и преку ангажирање визитинг-наставници и прием на странски студенти.

Во разгледуваниот период, во наставата биле вклучени наставници од странство со релевантен академски профил и експертиза. Проф. д-р Катерина Лируди од Меѓународниот хеленски универзитет во Солун, Република Грција, била ангажирана како визитинг-професор на втор циклус студии на програмата Право на интелектуална сопственост, со настава реализирана во учебните 2021/2022 и 2022/2023 година. Во учебната 2023/2024 година, проф. д-р Ен Донохју од Универзитетот во Бостон, САД, била ангажирана преку програмата Fulbright на предметот „Известување во новинарство (практикум)“ на прв циклус студии по новинарство, со вкупен обем од 26,5 часа настава. Овие ангажмани придонесуваат за внесување компаративни, интердисциплинарни и меѓународно релевантни содржини во студиските програми.

Факултетот обезбедува можности и за вклучување на наставници од странство во научноистражувачките и постдипломските активности, вклучително и како ментори или членови на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови, согласно правилата и постапките на Универзитетот и Факултетот. Поединечните ангажмани се евидентираат преку одлуките за формирање комисии и документацијата за одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во извештајниот период се евидентирани и запишани странски студенти на Факултетот, особено на трет циклус студии, а во учебната 2025/2026 година е евидентиран и странски студент на прв циклус студии. Бројот на странски студенти е релативно мал и варира по учебни години, но нивното присуство укажува на постепено проширување на меѓународната отвореност на Факултетот и на студиските можности достапни за кандидати од странство.

**Прилози**

9.5. Табеларен приказ 9.4.A и 9.4.B.

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се доставaт дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ___________________________со ЕМБГ ___________________________, одговорно лице во високообразовната установа_________________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ___________________________ за периодот ___________________________ се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

_________________________

(име и презиме)

_________________________

(своерачен потпис)

**Пример 2**

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| _Овој дел го пополнува високообразовната установа_<br><br>**Пример на одговор:** *Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.* | |
| **Пример за прилози**<br>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др. | |

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5] и

[5] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.

индикаторите[6] за квалитет во високото образование[7]

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[8] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

6 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.
7 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
8 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |

9 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; |

| | |
|---|---|
| праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на |

10 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[11]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на |

11 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражу-вачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни |

| | |
|---|---|
| флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

# Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во |

| | |
|---|---|
| напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | процесот. |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| | |
|---|---|
| високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |